СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

Информативен билтен — Јубилејно издание

**СЗПМ**

# XX РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ

## ЈУБИЛЕЈНИ

# СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

1996 20 2015








МТСП
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

60 години
комерцијална банка ад скопје

**КОМПЛЕКС "NEW STAR" - СКОПЈЕ**

**4. СЕПТЕМВРИ 2015**










## Содржина


ГОРДИ НА МИНАТОТО И ЗАДОВОЛНИ ОД СЕГАШНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ____ 3

ПРОСЛАВА НА ГОЛЕМ СПОРТСКИ ЈУБИЛЕЈ ____ 8

ПРЕГЛЕД НА МЕСТАТА И ГОДИНИТЕ НА ОДРЖАНИТЕ РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ____ 10

ПРОГРАМА НА НАТПРЕВАРИТЕ ____ 11

НАТПРЕВАРИ ВО 11 ДИСЦИПЛИНИ ____ 12

ЗП ОХРИД И ДЕБРЦА НЕДОСТИЖНИ ПОБЕДНИЦИ ____ 27

СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ И ТАБЕЛИ ____ 29

РЕГИОНАЛНИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ____ 37

СПОРТОТ Е БИТЕН ФАКТОР ЗА ЗДРАВЈЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ____ 41

20 ГОДИНИ СПОРТУВАЊЕ И ДРУЖЕЊЕ ____ 43

ЗДРУЖЕНИЈА – СЕВКУПНИ ПОБЕДНИЦИ ПО ГОДИНИ ____ 46



**Издавач:** Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија
**За издавачот:** Драги Аргировски
**Билтенот го подготвија:** Калина С. Андонова, Мендо Димовски и Здравко Петковски
**Фото:** Мендо Димовски, Трио Маркетинг – Скопје, Петар Андреевски и Илија Глигоров
**Ликовно-графичко обликување:** Томе Ангеловски
**Печати:** РИ Графика – Скопје
**Тираж:** 800 примероци

# Горди на минатото и задоволни од сегашните резултати

Прославувањата на јубилеите се празници со убав повод. Тоа се денови кога се присетуваме на почетоците, но и на сето она што поминало низ годините, кога со гордост ги броиме резултатите и постигнувањата, кога си спомнуваме на сите настани во кои сме се вградиле ние, но и многу генерации пред нас.

По еден ваков повод, заради еден голем јубилеј, чувство на гордост и задоволство ги исполни срцата на над 1.200 присутни на 4–ти септември 2015 година во комплексот New Star во Скопје. Така се чувствуваа на 20–тата јубилејна пензионерска спортска Олимпијада и натпреварувачите и поддржувачите меѓу кои ги имаше и



оние кои ги удриле темелите на оваа спортска републичка манифестација.

На овој масовен собир, на овој значаен јубилеј на кој се славеше спортот и другарувањето пензионерите ја покажаа и својата психофизичка големина и сила. Се натпреваруваа во името на јубилејот, во името на Денот на пензионерите и 69 годишнината од постоењето на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, свесни дека преку Сојузот ја шират вистината за Македонија. Се натпреваруваа во чест на 24–годишнината на нашата независност, во името на спортот, на здравјето и активното стареење.

Присутните на собирот ги поздрави **Драги Аргировски**, претседател на СЗПМ, кој во името на Сојузот им посака добро расположение и убави спортски резултати на натпреварувачите.

Покровител на оваа спортска пензионерска олимпијада беше Владата на РМ – Министерството за труд и социјална политика. Обраќајќи им се на присутните, министерот за труд и социјална политика **Диме Спасов**, меѓу другото истакна дека Владата и ресорното министерството секогаш ќе ја поддржуваат популацијата од третото доба. Честитајќи им го јубилејот на пензионерите, тој ги прогласи 20–тите Јубилејни Републичките пензионерски спортски натпревари за отворени.

69 години СЗПМ

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

Јубилејот на присутните им го честиташе и **Коце Трајановски**, градоначалник на Скопје и претседател на ЗЕЛС. Свои обраќања имаа и домаќините на манифестацијата **Љупчо Димовски**, претседател на ЗП Бутел и градоначалникот на општина Бутел, **Петре Латиновски**.

Изјави за медиумите дадоа министерот Спасов, претседателот Аргировски и директорот на Фондот на ПИОМ **Амет Даути**, кои ја потенцираа меѓусебната успешна соработка, во интерес на пензионерите.

Потоа пензионерите на оваа значајна пензионерска манифестација, се натпреваруваа со невидена волја и пожртвуваност, а на постигнатите резултати можат да им позавидат и многу помлади спортисти.

По пети пат севкупен победник на оваа своевидна спортска пензионерска олимпијада беа натпреварувачите од ЗП Охрид и Дебрца. По пети пат во нивните раце блесна победничкиот пехар, а на многумина на градите им беа закачени златни, сребрени и бронзени медали. Нивната радост беше голема, но неа ја споделуваа и сите присутни, како и секогаш на сите пензионерски собири, бидејќи зборот победа не е поврзан само со спортски натпреварувања. Зборот победа за пензионерите на



овој значаен спортски јубилеј значеше победа над старостa и победа на другарството и соживотот, трите најважни дисциплини во кои сите беа победници. Насмевките на нивните лица беа непобитен доказ за тоа и беа посјајни и посветли од сите медали и пехари.

**К.С.А.**

# Обраќање




## Драги Аргировски,
### претседател на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија

Почитувани пензионерки и пензионери, учесници на 20–тите јубилејни Републички пензионерски спортски натпревари;

Почитувани гости, драги пријатели

Ми претставува особено задоволство во името на најмасовната и најактивната невладина, неполитичка, мултиетничка организација Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и во лично име искрено да се заблагодарам на министерот за труд и социјална политика Диме Спасов за покровителството на оваа јубилејна пензионерска олимпијада и за воспоставената успешна соработка во интерес на сите пензионери во Република Македонија;

Посебна благодарност на градоначалникот на град Скопје и претседател на ЗЕЛС, Коце Трајановски, на директорот на ФПИОМ, Амет Даути и на претседателот на ССМ Живко Митревски

Благодарност и на Здружението на пензионерите на општина Бутел и на градоначалникот Петре Латиновски што прифатија со големо задоволство да бидат домаќини на оваа пензионерска манифестација од републичко ниво.

Поводот за овој масовен и величествен собир е да го прославиме спортот и физичката активност како еден од најважните столбови кои го крепат физичкото и психичкото здравје на сите, а особено на луѓето од третата доба. Дека возраста не е пречка за физичка активност и спортување покажува 20–годишниот јубилеј на Пензионерските спортски републички натпревари, што е редок и несекојдневен настан.

Многу истражувања покажале дека заседнатоста и неактивноста кај возрасните луѓе носи многу повеќе ризици отколку физичката активност и спортувањето поради што Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, спортувањето го вгради во сите свои програми и проекти како битен фактор за здравјето на своето 250 илјадно членство.

Почитувани,

Првите пензионерски спортски натпревари се одржани во Охрид во далечната 1996 година, а на нив учество зеле само 13 здруженија, кои се натпреваруваа во три спортски дисциплини во шах, стрелаштво и пикадо, во присуство на 150 учесници од кои само 45 биле натпреварувачи. Почетокот беше скромен, но за паметење. Низ годините, оваа активност постојано се збогатува со нови спортски дисциплини и други облици на рекреација за здраво стареење.

На денешното дведецениско одбележување на оваа најстара и најмасовна пензионерска олимпијада на Балканот, на овие прекрасни спортски терени во 11 дисциплини ќе се натпреваруваат 397 натпреварувачи во машка и женска конкуренција. Тоа се претставници на 41 здружение на пензионери од вкупно 52 што учествуваа на 8–те регионални спортски натпревари со вкупно 1.607 натпреварувачи.

Благодарение на сето ова пензионерските спортски натпревари прераснаа во вистинска пензионерска Олимпијада со сите карактеристики и обележја.

Денес прославуваме голем јубилеј. Јубилеите се убав повод да се присетиме на почетоците, но и на сето она што поминало низ годините, на сите настани во кои сме вградиле дел од нашите соништа, труд и идеи. И сите тие спомени и сеќавања носат чувство на гордост, на исполнетост и докажуваат дека залагањата донесле резултати. Така се чувствуваат и сегашните пензионери, но и оние кои ги удриле темелите на оваа спортска републичка манифестација и кои ги има и денес меѓу нас.

Поради сето тоа ваквите спортски натпревари не само што овозможуваат активно и здраво стареење во третата доба, туку создаваат во здраво тело – здрав дух, но и обратно. Негувајќи ги културните дејности, спортувањето и дружењето, се придонесува да се шири надежта, соживотот и другарството меѓу пензионерите со цел да се подзабави процесот на стареењето, а животот во третата доба да добие достоинствена содржина и соодветен квалитет. Во практика се покажа дека основен услов за среќа, енергичност и добро здравје во која било животна доба е оптимистичкиот став кон животот и редовната физичка активност во која насока ја градиме и меѓугенерациската соработка.

На 20–тата јубилејна Републичка пензионерска олимпијада – Скопје 2015, ќе се натпреваруваат пензионерите, но победници ќе бидат најподготвените, а на некои сојузник покрај умеењето и искуството ќе им биде и среќата. И тие што ќе победат и тие што нема да победат треба да ги напуштат терените гордо и исправено како вистински спортисти и потоа да се фатат на орото – најсаканата и најубавата спортска дисциплина!

Ви благодарам за присуството и за вниманието!

# Обраќање




## Диме Спасов, министер за труд и социјална политика

Почитуван претседател на Сојузот здруженија на пензионери на Македонија, Драги Аргировски

Почитуван градоначалник на град Скопје, Коце Трајановски

Почитуван директор на Фондот на ПИОМ, Амет Даути

Почитуван претседател на ССМ, Живко Митревски

Почитуван градоначалник на општина Бутел, Петре Латиновски

Почитуван претседател на здружение на пензионери на општина Бутел, Љупчо Димовски

Драги пензионерки и пензионери

Се чувствувам длабоко почестен со дадената можност да се обратам на дваесеттите јубилејни републички пензионерски спортски натпревари кои се одржуваат во чест на 69 години од пензионерското организирање во Македонија и 24 години од создавањето на независка македонска држава. Се обраќам на вас, сплотени во Сојузот здруженија на пензионери на Македонија, пред вас кои учествувавте во изградбата на нашата држава, кои вложувавте во благодетите кои ние денес ги уживаме. Од секогаш го носев уверувањето дека треба да се почитува и вреднува искуството и мудроста како одлика на пензионерот.

Со текот на годините Сојузот прерасна во респектабилна организација во нашето општество со свое место и влијание кој најдобро ги застапува интересите на пензионерите, но претставува и фактор во битни општествени и државни прашања.

Како министер за труд и социјална политика сум должно посветен на соработката со вашата организација и на моја голема радост таа секогаш била искрена и отворена, а резултатите добро видливи и познати. Општа е констатацијата дека волјата со која се работи за подобрување на социјалниот живот на пензионерите е особено препознатлива во последната деценија.

Особено сум горд на фактите кои го потврдуваат тоа што го зборуваме. Република Македонија бележи конкретен развој во зајакнување на стандардот на пензионерите. Во тој контекст од 2006 година до денес, ја зголемивме просечната пензија за цели 70%, а најниската за рекордни 84%. Во 2006 просечната пензија изнесуваше 7.683 денари, а во октомври 2015 истата ќе изнесува 13.073 денари. Во Република Македонија, за разлика од другите држави, пензиите се исплаќаат редовно и се врши континуирано усогласување.

Грижата за здравјето и здравиот начин на живот се особено важни во староста, бидејќи го продолжуваат животниот век, но се од интерес и за самата држава.

Проектот Бањско–климатска рекреација, кој го обележа изминатиот период, ги достигна, а може да кажам и ги надмина нашите очекувања во целост. Заклучно со 2015 година, овој проект опфати 33.000 корисници на пензија, додека благодетите на проектот Бесплатен туристички викенд го уживаат 3.000 корисници на пензија. И двата проекти ќе продолжат да се реализираат во иднина и тоа во 2016 година за дополнителни 5.500 лица во проектот Бањско–климатска рекреација и за 3.000 на Бесплатен туристички викенд.

Започнавме и активности за подобрување на условите за живеење во повеќе пензионерски домови во Скопје. Започнати се и завршени се дел од активностите за реконструкција и реновирање на сите 44 стамбени единици во пензионерскиот дом во Автокоманда. Се продолжува со реновирање на пензионерските домови во



Аеродром, Чаир и Куманово. Во наредната година треба да продолжи втората фаза на активностите за значително подобрување на условите на живот на пензионерите коишто живеат во овие пензионерски домови, а се со ниски пензии. Дополнително на тоа, Владата овозможи и поволности за инвеститори од земјата и од странство, за изградба и проширување на установи за



згрижување на стари лица.

И во третата доба потребата за секојдневна комуникација и дружење е неопходна, како и организацијата на слободното време. Поаѓајќи од таа потреба на стари-



те лица, во изминатиот период отворени се 11 Дневни центри за стари лица, а 3 се во завршна фаза. Ќе продожиме со истото темпо и ќе формираме цела мрежа на дневни центри во државата.

Исто така, посветивме внимание за грижа и помагање во нивните домови на старите изнемоштени лица корисници на постојана парична помош и стари лица во социјален ризик. Во соработка со министерството за здравство се реализираа посети во нивните домови каде се вршеа прегледи, мерење на крвен притисок, шеќер во крв и слично. На овој начин упатуваме порака дека старите лица не се заборавени и оставени сами на себе, туку државата се грижи за нив, а така ќе биде и во иднина.

Дополнително, во интерес на олеснување на секојдневната комуникација на пензионерите Владата во соработка со градот Скопје, овозможи бесплатен превоз во градскиот јавен сообраќај во Скопје во вторник, петок, сабота и недела. Исто така, 1.500 стари лица го искористиле проектот за Бесплатен викенд еднаш во месецот за превоз во железничкиот сообраќај во Република Македонија.

Одржувањето на денешната манифестација по 20-ти пат, со особено задоволство е поддржано од страна на Министерството за труд и социјална политика кое и во иднина ќе поддржува реализација на настани и програми кои се однесуваат на пензионерите.

Ви потврдувам дека приоритет на Владата и на Министерството за труд и социјална политика е обезбедување на достоинствен живот на старите лица и пензионерите.

Ви посакувам добар помин, добри спортски резултати и заеднички да го славиме и триесеттиот јубилеј.

Ви благодарам.

# Обраќање



## Љупчо Димовски
### претседател на ЗП Бутел

Почитуван министер за труд и социјална политика, Диме Спасов. Почитуван претседател на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, Драги Аргировски.

Почитуван градоначалник на општина Бутел, Петре Латиновски.

Ни претставува посебно задоволство и чест што Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија ни ја довери оваа одговорна и значајна задача да бидеме домаќини на 20-тите јубилејни републички пензионерски спортски натпревари.

Им посакувам на натпреварувачите успех и добри резултати, а на сите вас убаво да се чувствувате и да се дружите во овој прекрасен амбиент на комплексот New Star.

# Обраќања



## Коце Трајановски
### градоначалник на град Скопје

Почитуван министер за труд и социјална политика на Владата на РМ, Диме Спасов, Почитуван претседателе на СЗПМ, Драги Аргировски, Почитуван претседателе на ИО на СЗП на град Скопје Методија Новковски, Почитувани пензионери, почитувани присутни

Дозволете ми да ве поздравам и да го изразам моето задоволство што денес присуствувам на една ваква свеченост во чест на 20–тите РПСН организирани од СЗПМ и да ја истакнам одличната соработка која градот Скопје ја има остварено изминатите години со СЗП на град Скопје преку взаемно учество во реализација на разни програми и активности кои имаат за цел остварување на поквалитетен живот на пензионерите. Накратко можам да ги споменам следните.

- Потпишување на Меморандум за соработка на ниво на град Скопје и ЗЕЛС.
- Подобрување на условите за рекреација и дружење на пензионерите во РЦ Катланово, негово реновирање и оспособување за функционирање.
- Организиран е групен превоз на пензионерите на дестинации на подрачјето на град Скопје и територијата на РМ, како и Бесплатен превоз четири дена во неделата: вторник, петок, сабота и недела.
- Бесплатни слободни легитимации за јавниот градски превоз за инвалидските пензионери.
- Поддршка на спортски манифестации како што е традиционалниот 13–ти шаховски турнир.

Соработката со градот Скопје со СЗП на град Скопје продолжува и понатаму и тоа преку поддршка на организациското јакнење на Сојузот и здруженијата кои се негови членки. Градот Скопје во рамките на своите можности ќе излегува во пресрет на барањата на пензионерите и ќе презема мерки кои ќе придонесат за збогатување на секојдневниот живот на пензионерите.

Ви благодарам.



## Петре Латиновски
### градоначалник на општина Бутел

Почитуван министер за труд и социјална политика на Владата на РМ, Диме Спасов, Почитуван претседателе на СЗПМ, Драги Аргировски, Почитуван претседателе на ССМ, Живко Митревски, Почитуван претседателе на ЗП Бутел, Љупчо Димовски

Почитувани пензионерки и пензионери

Ве поздравувам и ви посакувам добредојде во нашата општина, која е една од најмладите во градот Скопје. За нас претставува чест што сме домаќини на овој значаен јубилеј на СЗПМ, 20 години од првите Републички пензионерски спортски натпревари. Како и секогаш и овој пат општината Бутел ги поддржува сите пензионерски активности па и оваа. Пензионерите се највозрасните граѓани на нашата општина и ние правиме сè во граници на нашите можности нивниот живот да биде што поорганизиран и поквалитетен. Така ќе биде и во иднина. Му благодарам на СЗПМ што одлучи оваа значајна манифестација да се одржи на територијата на нашата општина во овој прекрасен амбиент на хотелскиот комплакс New Star. Благодарност и до сопственикот на објектот кој секогаш има разбирање и ги помага сите активности на општината и на пензионерите во неа. На натпреварувачите им посакувам добри резултати, а на сите вас добро здравје и убаво да си минете на оваа значајна јубилејна спортска манифестација.



## Здравко Петковски
### претседател на комисија за спорт на СЗПМ

Задоволство е да се биде учесник на ваква спортска манифестација која прославува многу значаен јубилеј – 20 години од нејзиното постоење. Уште поголемо задоволство е ако сте учесник од нејзините почетоци и сте дале придонес во нејзиниот развој. Почнавме во последната деценија од минатиот век, 1996 година во Охрид со учество на 13 здруженија само во 3 спортски дисциплини, а денес се натпреваруваат 52 здруженија членки на СЗПМ во 11 спортски дисциплини, во кои рамноправно учествуваат мажите и жените со максимален број натпреварувачи во Републичките натпревари – 397 (208 во машка и 189 во женска конкуренција), како на вистинска спортска олимпијада. Очекувам од вас учесниците да се радувате на успехот на „противникот„ и први да му ја честитате победата со што ќе дадете придонес кон одржувањето мирни и фер спортски натпревари. На сите ви посакувам успех и нека победат најподготвените и најдобрите!

# Прослава на голем спортски јубилеј









Дваесеттите јубилејни републички пензионерски натпревари помеѓу најдобрите спортисти од здруженијата на пензионери во Македонија, кои се изборија на регионалните средби за учество на пензионерската олимпијада, во организација на СЗПМ, годинава се одржаа на 4–ти септември на терените во комплексот на хотелот New Star во Скопје. На спортското поле се сретнаа 397 натпреварувачи кои пред присутните гости и поддржувачи си ги одмерија силите во 11 спортски дисциплини и во 21 категорија во женска и во машка конкуренција. Оваа најмасовна пензионерска средба се одржа во чест на одбележувањето на 8–ми септември – Денот на независноста на Република Македонија и 20–ти септември – Денот на пензионерите на Македонија. Спортската пензионерска олимпијада се одржа под покровителство на Владата на Република Македонија – Министерството за труд и социјална политика и поддршка на Комерцијална банка АД Скопје и Градот Скопје. Оваа најмасовна пензионерска спортска манифестација со своето присуство ја увеличаа: министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, градоначалникот на Скопје и претседател на ЗЕЛС Коце Трајановски, директорот на Фондот на ПИОМ Амет Даути, претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија Живко Митревски, и градоначалникот на општина Бутел Петре Латиновски.

Добредојде на гостите и на учесниците во име на домаќинот – Здружението на пензионери Бутел, им посака претседателот Љупчо Димовски, кој изрази благодарност до Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија што токму нивното здружение ја доби довербата да биде домаќин. Посебно задоволство и признание за одржувањето на натпреварите на теритотријата на општина Бутел искажа градоначалникот Петре Латиновски при што истакна дека локалната самоуправа и натаму ќе ги поддржува и помага активностите на пензионерите и ќе создава поволни услови за подобар и поквалитетен живот.

Средбата ја поздрави и градоначалникот на Скопје Коце Трајановски при што ја исткана одличната соработка со СЗПМ и Градскиот сојуз на здруженијата на пензионери со кои реализираат заеднички програми и активности за подобрување на квалитетот на животот на пензионерите.

Во поздравниот збор до присутните инспиративно се обрати претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски при што го истакна значењето на натпреварите кои од првата скромна средба 1996 година во Охрид прераснаа во масовно натпреварување и дружење кое сега со право го носи името пензионерска спортска олимпијада. Потсетувајќи на растежот и успесите на натпреварите, тој нагласи дека прославуваме голем јубилеј кој е убав

повод да се присетиме на почетоците, но и на сето она што поминало низ годините, на сите настани во кои сме вградиле дел од нашите соништа, труд и идеи. И сите тие спомени и сеќавања носат чувство на гордост, на исполнетост и докажуваат дека залагањата донесле резултати.

Учесниците и присутните ги поздрави министерот за труд и социјална политика Диме Спасов при што искажа благодарност и почит кон пензионерската популација која своето искуство и мудрост ги вградила во темелите на нашето воздигнување и опстојување. Тој нагласи дека пензионерите заслужуваат подобар и подостоинствен живот за што ресорното министерство во соработка со Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија ќе продолжи да ги решава актуелните проблеми на овие највозрасни лица и ќе создава поволни услови за остварување на правата што им припаѓаат по основ на пензиското и инвалидско осигурување. Во таа насока министерот ја истакна заложбата на државните органи за доследно спроведување на Програмата и мерките за подобрување на стандардот на пензионерите и на старите лица во сите сегменти на животот.

Во изјавите за медиумите министерот Диме Спасов, претседателот Драги Аргировски и директорот на ФПИОМ Амет Даути уште еднаш го нагласија значењето на пензионерските спортски натпревари и взаемната соработка на трите субјекти во полза на подобрувањето на стандардот на пензионерите. Притоа директорот Даути во име на добрата соработка со Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија изјави дека Фондот на ПИОМ ќе му додели простории за сместување и работа на раководството.

Дваесеттата пензионерска спортска олимпијада беше обележана и со свеченото доделување признанија на поединци и на 13 здруженија на пензионери учесници на Првите републички спортски натпревари 1996 година во Охрид, кои на сегашните претседатели на ЗП им ги врачи претседателот на СЗПМ Драги Аргировски. Во име на наградените се заблагодари претседателот на ЗП Охрид Ѓорѓи Трпчески кој мошне чувствително го искажа своето сеќавање на игрите од пред 20 години.

Со убави желби и барање за почитување на правилата за натпреварување, на учесниците им се обрати претседателот на Комисијата за спорт и рекреација Здравко Петковски при што го објасни начинот на спроведувањето на натпреварите во 11 спортски дисциплини: стрелаштво, шах, пикадо, тегнење јаже, трчање, фрлање ѓуле, скок од место, табла, домино, двобој и тробој.

Средбата започна и заврши во духот на фер-плеј натпревар, со посебен ентузијазам и максимално залагање на сите учесници. Најдобри резултати во поединечна и екипна конкуренција повторно постигнаа минатогодишните победници од ЗП Охрид и Дебрца. Пет години по ред тие не го препуштаат првото место, а преодниот пехар и сега ним им припадна. Второто и третото место, како и лани, го задржаа натпреварувачите од ЗП Куманово и Прилеп. Честитајќи им ја победата, на завршната манифестација пехарот им го врачи претседателот на СЗПМ Драги Аргировски. Победниците ја поделија радоста со останатите учесници и сите се придружија кон веселбата, во која посебна живост внесе познатата естрадна пејачка Ирена Спасовска придружувана од познат и реномиран музички бенд. Свој придонес во ова импресивно спортско натпреварување и незаборавно дружење имаше и водителката Цветанка Илиева.

**М.Д.**










# Преглед на местата и годините на одржаните Републички пензионерски спортски натпревари

| Година | Место на одржување | Број на учесници |
|---|---|---|
| 1996 | Охрид | 150 |
| 1997 | Гевгелија (Дојранско Езеро) | 350 |
| 1998 | Куманово (Кумановска Бања) | 500 |
| 1999 | Виница | 550 |
| 2000 | Ресен – Крани (Преспанско Езеро) | 800 |
| 2001 | Велес (Езеро „Младост“) | 600 |
| 2002 | Охрид – „Горица“ (Охридско Езеро) | 857 |
| 2003 | Кавадарци (Хотел „ФЕНИ“) | 1050 |
| 2004 | Струга „Еуротел“ | 1070 |
| 2005 | Велес (Езеро „Младост“) | 920 |
| 2006 | Ресен – Крани (Преспанско Езеро) | 1114 |
| 2007 | Велес (Езеро „Младост“) | 760 |
| 2008 | Радовиш (Сп. центар „Шампион“) | 800 |
| 2009 | Струга („Еуротел“) | 858 |
| 2010 | Радовиш (Сп. центар „Шампион“) | 900 |
| 2011 | Струга (Комплекс „Ливадишта“) | 1100 |
| 2012 | Скопје (комплекс „NEW STAR“) | 1150 |
| 2013 | Штип (комплекс „Македонка“) | 1380 |
| 2014 | Тетово (комплекс „Тетекс“) | 1008 |
| 2015 | Скопје (комплекс „NEW STAR“) | 1205 |

***Број на учесници по години***



# СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

## 4. септември 2015 година
## Скопје - комплекс „New Star“

Сојуз на здруженија
на пензионери
на Македонија

**СЗПМ**

**ЈУБИЛЕЈНИ РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ**

Скопје
4. септември 2013

## ПРОГРАМА

**ПРВ дел: 10.00 часот**

- Поздравно обраќање на **Љупчо Димовски,** претседател на ЗП Бутел - Скопје
  **Петре Латиновски,** градоначалник на Општина Бутел - домаќини на манифестацијата
- Обраќање на **Драги Аргировски,** претседател на СЗПМ
- Обраќање на **Диме Спасов,** министер за труд и социјална политика на Република Македонија

**ВТОР дел: 10.30 часот**

- Натпревари во 11 дисциплини на кои ќе учествуваат 397 најдобри натпреварувачи од 41 здружение на пензионери

**ТРЕТ дел: 13.00 часот**

- Врачување на признанија и благодарници на учесници на првите Републички спортски натпревари

**ЧЕТВРТИ дел: 14.30 часот**

- Прогласување на најдобрите и доделување на преоден пехар на Здружението со најдобри резултати
- Дружење

### СПОРТСКИ ДИСЦИПЛИНИ НА НАТПРЕВАРИТЕ

| | |
|---|---|
| СТРЕЛАШТВО | ФРЛАЊЕ ЃУЛЕ |
| ШАХ | СКОК ОД МЕСТО |
| ПИКАДО | ДВОБОЈ, ТРОБОЈ |
| ТЕГНЕЊЕ ЈАЖЕ | ТАБЛА |
| ТРЧАЊЕ | ДОМИНО |

## ЕКИПНО ЖЕНИ



За најдобар стелец е прогласена **Богица Димитриевска** – ЗП Куманово



Медалите ги врачи **Илија Адамоски** член на ИО на СЗПМ

I место

**ЗП Куманово**

1. Богица Димитриевска
2. Маргарита Станиќ
3. Злата Трајковска
4. Божана Трајковска

II место

**ЗП Битола**

1. Вера Ѓоршевска
2. Славица Николова
3. Лилјана Галовска
4. Василка Ѓорѓиевска

III место

**ЗП Штип и Карбинци**

1. Гордана Миланова
2. Велика Здравева
3. Евгенија Протугерова
4. Каменитка Ристова



За најдобар стелец
е прогласен
**Драги Гацев**
– ЗП Кочани




Медалите ги врачи **Станка Трајкова**
секретар на ИО на СЗПМ



## ЕКИПНО МАЖИ



**I место**

**ЗП Кочани**

1. Костадин Стојанов
2. Драги Гацев
3. Стојан Андонов
4. Ѓорѓи Јосифов

**II место**

**ЗП ОВР Скопје**

1. Зоран Саздов
2. Дине Китанов
3. Драги Левков
4. Василие Никлевски

**III место**

**ЗП Гази Баба**

1. Драги Стевковски
2. Методија Кондевски
3. Ристо Гаштаров
4. Јово Митревски

# ЕКИПНО ЖЕНИ



За најдобра шахистка
е прогласена
**Лилјана Славевска**
– ЗП Центар



Медалите ги врачи **Ѓорѓи Серафимов**
член на ИО на СЗПМ




**I место**

**ЗП Центар**

1. Лидија Кизова
2. Лилјана Славевска
3. Љубинка Крстевска

**II место**

**ЗП Штип и Карбинци**

1. Верица Огњанова
2. Олга Гугуљанова
3. Неделка Бизоева

**III место**

**ЗП Струга**

1. Шенка Балтоска
2. Љубица Јованоска
3. Надежда Чатарошкоска

# ЕКИПНО МАЖИ



За најдобар шахист
е прогласен
**Панче Захариев**
– ЗП Штип

**I место**

## ЗП Тетово

1. Јакуп Лика
2. Тоде Зафировски
3. Шпенд Салиу
4. Фадил Халити



**II место**

## ЗП Кочани

1. Тодор Милосиев
2. Фиданчо Паунов
3. Станчо Аксентиев
4. Драги Ангелов

Медалите ги врачи **Ѓорге Андонов**
член на ИО на СЗПМ




**III место**

## ЗП Охрид и Дебрца

1. Ѓорѓе Ќука
2. Ѓоко Попоски
3. Живко Угриноски
4. Ристо Таков

# ЕКИПНО ЖЕНИ



Најдобар стрелец во пикадо е прогласена **Цвета Џабирска** – ЗП Делчево

I место
## ЗП Делчево

1. Снежана Спасевска
2. Цвета Џабирска
3. Фимка Стојковска
4. Верка Гацевска



II место
## ЗП Прилеп

1. Лилјана Костоска
2. Блага Стојаноска
3. Пандора Ристеска
4. Блага Белокоска

Медалите ги врачи **Александар Захариев** член на ИО на СЗПМ



III место
## ЗП Тетово

1. Добрила Јоргушевска
2. Менка Блажевска
3. Јованка Ристовска
4. Роса Хаџиманова

# ЕКИПНО МАЖИ

Најдобар стрелец во пикадо
е прогласен
**Славе Симовски**
– ЗП Тафталиџе





Медалите ги врачи **Бесник Поцеста**
потпретседател на Собранието на СЗПМ




**I место**

## ЗП Тафталиџе

1. Бранко Милевски
2. Славе Симовски
3. Борче Здравковски
4. Иван Костадиновски

**II место**

## ЗП Центар

1. Злате Стефановски
2. Ѓоко Денковски
3. Кирил Бутриновски
4. Анастас Каранфиловски

**III место**

## ЗП Охрид и Дебрца

1. Ване Радованоски
2. Илија Николоски
3. Насте Лачоски
4. Слободан Пупиноски



## ЕКИПНО ЖЕНИ

**I место**

### ЗП Тетово

1. Лилјана Аврамовска
2. Цвета Велјаноска
3. Марика Јованоска
4. Димка Силјановска
5. Таса Златаноска
6. Драгица Љубеска
7. Благица Дишеска

**II место**

### ЗП Солидарни пензионери Илинден

1. Ратка Петровска
2. Лиле Ѓорѓиовска
3. Богица Ангеловска
4. Билјана Атанасовска
5. Стојанка Богдановска
6. Анка Јовиќ
7. Борјанка Младеновска

**III место**

### ЗП Пробиштип

1. Латинка Серафимова
2. Славица Петровска
3. Станка Василева
4. Благородна Николова
5. Јанѓа Тодорова
6. Анка Андонова
7. Жана Стојановска



Медалите ги врачи **Ристо Трајкоски**
член на ИО на СЗПМ



## ЕКИПНО МАЖИ





Медалите ги врачи **Данче Даскаловска** член на ИО на ЗСПМ

I место

### ЗП Гевгелија

1. Панче Аџиев
2. Илија Толов
3. Дино Капсаров
4. Киро Танев
5. Љубо Голубовиќ
6. Тано Костадиновски
7. Александар Јованов

II место

### ЗП Гази Баба

1. Циме Анчевски
2. Андон Јовановски
3. Марјан Петушевски
4. Благој Димковски
5. Боро Спасовки
6. Младен Божиновски
7. Ѓуро Стефановски

III место

### ЗП Кочани

1. Благој Манев
2. Анче Митев
3. Трендафилчо Данилов
4. Трајан Стефанов
5. Димче Нежевски
6. Цанко Минов
7. Методи Серафимов





## ЖЕНИ до 60 години




**I место**
**Галаба Георгиева**
од ЗП Штип и Карбинци

**II место**
**Љупка Трифуновска**
од ЗП Охрид и Дебрца

**III место**
**Јасмина Тодоровска**
од ЗП Куманово

Медалите ги врачи **Олга Новачева**
член на ИО на СЗПМ

## ЖЕНИ над 60 години

**I место**
**Благица Маркулеска**
од ЗП Охрид и Дебрца

**II место**
**Благица Михова**
од ЗП Кочани

**III место**
**Љубица Петрушевска**
од ЗП Гази Баба





## МАЖИ до 60 години



I место
**Моме Цветановски**
од ЗП Куманово

II место
**Нејази Тахири**
од ЗП Тетово

III место
**Јован Јанакиевски**
од ЗП Охрид и Дебрца

Медалите ги врачи **Душан Ристески**
член на ИО на СЗПМ

## МАЖИ над 60 години

I место
**Блаже Србиноски**
од ЗП Охрид

II место
**Блажо Кировски**
од ЗП Валандово

III место
**Живко Петревски**
од ЗП ОВР – Скопје



# ОСВОЈУВАЧИ НА ПРВИТЕ ТРИ МЕСТА

## ЖЕНИ



**I место**
**Марија Каракамишева**
од ЗП Богданци

**II место**
**Милица Андревска**
од ЗП Солидарност – Аеродром

**III место**
**Мирјана Андоновиќ**
од ЗП Куманово




Медалите ги врачи **Ментор Чоку,** член на ИО на СЗПМ





## МАЖИ

**I место**
**Ѓорѓи Механџиски**
од ЗП Дојран

**II место**
**Бранко Почуча**
од ЗП Куманово

**III место**
**Димитар Стојановски**
од ЗП Македонска Каменица

# ОСВОЈУВАЧИ НА ПРВИТЕ ТРИ МЕСТА
## МАЖИ



**I место**
**Марјан Николоски**
од ЗП Охрид и Дебрца

**II место**
**Ѓорѓи Николов**
од ЗП Кочани

**III место**
**Ристо Петков**
од ЗП Штип и Карбинци

Медалите ги врачи **Мирко Макрешански**
член на ИО на СЗПМ



# ОСВОЈУВАЧИ НА ПРВИТЕ ТРИ МЕСТА

## ДВОБОЈ ЖЕНИ

### I место
**Верица Пулеска**
од ЗП Охрид и Дебрца

### II место
**Ленче Стаменова**
од ЗП Кратово

### III место
**Убавка Ѓоргиевска**
од ЗП Солидарни пензионери Илинден



Медалите ги врачи
**Салтир Каровски**
член на ИО на СЗПМ

## ТРОБОЈ МАЖИ

### I место
**Симе Цветаноски**
од ЗП Прилеп

### II место
**Живко Милев**
од ЗП Радовиш и Конче

### III место
**Јонче Апостолов**
од ЗП Кавадарци



# ОСВОЈУВАЧИ НА ПРВИТЕ ТРИ МЕСТА



## ЖЕНИ

I место
**Софија Арсова**
од ЗП Ѓорче Петров

II место
**Славица Јованоска**
од ЗП Прилеп

III место
**Миланка Панделеска**
од ЗП Охрид и Дебрца



Медалите ги врачи **Јордан Костадинов**
член на ИО на СЗПМ

## МАЖИ

I место
**Мустафа Ефатоски**
од ЗП Кичево

II место
**Ѓорѓи Динковски**
од ЗП Солидарност – Аеродром

III место
**Генц Куриу**
од ЗП Тетово



# ДОМИНО



## ОСВОЈУВАЧИ НА ПРВИТЕ ТРИ МЕСТА

### ЖЕНИ



Медалите ги врачи **Ристо Франгов** член на ИО на СЗПМ

I место
**Блага Вељановска**
од ЗП Кичево

II место
**Лилјана Хајдар**
од ЗП Шуто Оризари

III место
**Даница Попзахариева**
од ЗП Кочани

### МАЖИ



I место
**Хајро Куртовиќ**
од ЗП Македонска Каменица

II место
**Азир Јакупи**
од ЗП Чаир

III место
**Николчо Манасиев**
од ЗП Злетово

# ЗП Охрид и Дебрца недостижни победници

Најголемиот јубилеен натпревар помеѓу најдобрите пензионери спортисти кои на регионалните средби се изборија за учество на Републичката пензионерска олимпијада, годинава се одржа на 4–ти септември на терените во комплексот на хотелот New Star во Скопје. Пред над илјадната публика во 11 спортски дисциплини во машка и во женска конкуренција се натпреваруваа 397 спортисти од 41 здружение на пензионери. Во мошне изедначена поединечна и екипна конкуренција, најдобри резултати постигнаа натпреварувачите од ЗП Охрид и Дебрца и по петти пат еднoподруго ја освоија победата. На втората позиција како и лани, и на третата, се најдоа истите здруженија – Куманово и Прилеп. Исто така, незначителни промени во редоследот на освоените места се случија и кај другите учесници кои со поголема спортска среќа можеа подобро да се рангираат. Сепак, постигнатите резултати се респектабилни и навистина за почит. За подолго да останат во меморијата, хронолошки ги наведуваме и издвојуваме најдобрите натпреварувачи.



Во **стрелаштво** со воздушна пушка **во женска конкуренција** најдобра беше екипата од ЗП Куманово, пред ЗП Битола и Штип, а во **машка конкуренција** првото место го освои екипата на ЗП Кочани, втори беа спортистите од ОВР – Скопје, а трети од ЗП Гази Баба. Медалите на победниците во женска конкуренција им ги врачи Илија Адамоски, член на ИО на СЗПМ, а во машка конкуренција, Станка Трајкова, секретар на ИО на СЗПМ.

Во дисциплината **шах во женска конкуренција** првото место го освои екипата на ЗП Центар – Скопје, пред ЗП Штип и ЗП Струга, а **во машка конкуренција** тетовчани го однесоа златото, додека среброто им припадна на кочанчани, а бронзата на охриѓани. Медалите ги врачија Ѓорѓи Серафимов и Ѓорѓи Андонов, членови на ИО на СЗПМ.

Во **пикадо во женска конкуренција** најдобра беше екипата од ЗП Делчево, пред ЗП Прилеп и ЗП Тетово, а **во машка конкуренција** победниците од ЗП Тафталиџе зад себе ги оставија натпреварувачите од ЗП Центар и ЗП Охрид и Дебрца. Медалите на најдобрите учесници им ги врачија Александар Захариев, член на ИО на СЗПМ и Бесник Поцеста, потпретседател на Собранието на СЗПМ.

Во дисциплината **тегнење јаже во женска конкуренција** припадничките на ЗП Тетово го освоија првото место, на ЗП Солидарни пензионери од Илинден им припадна второто место, а третото на ЗП Пробиштип. Во **машка конкуренција** првпат во досегашните натпревари првото место го освои екипата на ЗП Гевгелија, досегашниот фаворит ЗП Гази Баба се задоволи со второто место, а ЗП Кочани со третото. Медалите ги врачија Ристо Трајкоски и Данче Даскаловска, членови на ИО на СЗПМ.

Во **фрлање ѓуле во женска конкуренција** победничката Марија Каракамишева од ЗП Богданци, веќе неколку години по ред не го пропушта првото место, втора беше Милица Андреевска од ЗП Солидарност – Аеродром, а трета Мирјана Андоновиќ од ЗП Куманово. Во **машка конкуренција** најдобар беше Ѓорѓи Механџиски од ЗП Дојран, Бранко Почуча од ЗП Куманово го освои второто место, а третото, Димитар Стојанов од ЗП Македонска Каменица. Медалите ги врачи Ментор Чоку, член на ИО на СЗПМ.

Во дисциплината **трчање жени до 60 години**, првото место и припадна на Галаба Георгиева од Штип, второто на Љупка Трифуновска од Охрид, а третото на Јасмина Тодоровска од Куманово. Во истата дисциплина, но во категоријата **над 60 години**, најдобра беше Благица Миркулоска од Охрид, пред Благица Михова од Кочани и Љубица Петрушевска од Гази Баба. Во **машка конкуренција во трчање до 60 години** најбрз беше Моме Цветановски од ЗП Куманово пред Нијази Тахири од ЗП Тетово и Јован Јанакиевски од ЗП Охрид. Во категоријата **над 60 години** првото место од лани го задржа Блаже Србиновски од Охрид, втор беше Блажо Каровски од Валандово, а трет Живко Петровски од ЗП ОВР – Скопје. Медалите на победничките во женска конкуренција им ги врачи Олга Новачева, а во машка конкуренција, Душан Ристески, членови на ИО на СЗПМ.

Во поединечната дисциплина **скок од место** се натпреваруваа само мажи и, победникот од минатата година Марјан Николовски од ЗП Охрид повторно најдалеку скокна, пред Ѓорѓи Николов од ЗП Кочани и Ристо Петков од ЗП Штип. Медалите им ги врачи Мирко Макрешански, член на ИО на СЗПМ.



Во дисциплината **домино во женска конкуренција** најдобра беше Благa Велјановска од ЗП Кичево, пред Лилјана Хајдар од ЗП Шуто Оризари и Даница Попзахариева





од ЗП Кочани. Во **машка конкуренција**, за првото место се избори Хајро Куртовиќ од ЗП Македонска Каменица, за второто Азир Јакупи од ЗП Чаир и за третото, Николчо Манасиев од ЗП Злетово. Медалите им ги врачи Ристо Франгов, член на ИО на СЗПМ.

Првото место во **табла - жени** го освои Софија Арсова од ЗП Ѓорче Петров, второто Славица Јованова од ЗП Прилеп и третото Миланка Панделеска од ЗП Охрид. Во **машка конкуренција** најдобар беше Мустафа Ефатоски од Кичево, втор беше Ѓорѓи Динковски од Солидарност – Аеродром и трет Генц Куриу од Тетово. Медалите им ги врачи Јордан Костадинов, член на ИО на СЗПМ.

Во најмашката дисциплина **тробој,** првото место го освои Симе Цветановски од ЗП Прилеп, второто Живко Милев од ЗП Радовиш и третото Јонче Апостолов од ЗП Кавадарци. Во најтешката дисциплина **двобој жени** неприкосновена е охриѓанката Верица Пулеска, второто место го освои Ленче Стаменова од Кратово, а третото Убавка Ѓоргиоска од Солидарни пензионери – Илинден. Медалите ги врачи Салтир Каровски, член на ИО на СЗПМ.

Според Правилникот, во трите дисциплини: **стрелаштво, шах и пикадо во женска и во машка конкуренција**, беа прогласени и најдобрите поединци на кои претседателот на Комисијата за спорт и рекреација Здравко Петковски им врачи посебни пехари. Епитетот најдобри меѓу најдобрите го заслужија: Богица Димитриев (ЗП Куманово) и Драги Гацев (ЗП Кочани) – **стрелаштво**, Лилјана Славевска (ЗП Центар) и Панче Захариев (ЗП Штип) – **шах**, Цвета Џабирска (ЗП Делчево) и Славе Симовски (ЗП Тафталиџе) – **пикадо**.

Натпреварите беа мошне добро организирани и се одвиваа според програмата, а на крајот сите ја славеа победата на најдобрите. Преодниот пехар на победниците од ЗП Охрид и Дебрца на заедничката прослава им го врачи претседателот на СЗПМ Драги Аргировски. Видно задоволен и воодушевен од постигнатиот успех, претседателот на ИО на Охридското здружение **Ѓорѓи Трпчески** им се заблагодари на учесниците за вложениот труд и вети дека припадниците на ЗП Охрид и Дебарца ќе настојуваат и натаму да останат на врвот на натпреварите.







# ТАБЕЛА НА ОСВОЕНИТЕ МЕДАЛИ

| Ред. број | ЗДРУЖЕНИЈА | ЗЛАТО | СРЕБРО | БРОНЗА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Охрид и Дебрца | 4 | 1 | 4 | 9 |
| 2. | Куманово | 2 | 1 | 2 | 5 |
| 3. | Тетово | 2 | 1 | 2 | 5 |
| 4. | Кичево | 2 | – | – | 2 |
| 5. | Кочани | 1 | 3 | 2 | 6 |
| 6. | Прилеп | 1 | 2 | – | 3 |
| 7. | Штип и Карбинци | 1 | 1 | 2 | 4 |
| 8. | Центар | 1 | 1 | – | 2 |
| 9. | Мак. Каменица | 1 | – | 1 | 2 |
| 10. | Ѓорче Петров | 1 | – | – | 1 |
| 11. | Гевгелија | 1 | – | – | 1 |
| 12. | Дојран | 1 | – | – | 1 |
| 13. | Богданци | 1 | – | – | 1 |
| 14. | Делчево | 1 | – | – | 1 |
| 15. | Тафталиџе | 1 | – | – | 1 |
| 16. | Аеродром | – | 2 | – | 2 |
| 17. | Гази Баба | – | 1 | 2 | 3 |
| 18. | Илинден Сол. Пенз. | – | 1 | 1 | 2 |
| 19. | ОВР | – | 1 | 1 | 2 |
| 20. | Чаир | – | 1 | – | 1 |
| 21. | Шуто Оризари | – | 1 | – | 1 |
| 22. | Битола | – | 1 | – | 1 |
| 23. | Валандово | – | 1 | – | 1 |
| 24. | Кратово | – | 1 | – | 1 |
| 25. | Радовиш и Конче | – | 1 | – | 1 |
| 26. | Злетово | – | – | 1 | 1 |
| 27. | Струга | – | – | 1 | 1 |
| 28. | Пробиштип | – | – | 1 | 1 |
| 29. | Кавадарци | – | – | 1 | 1 |
| | ВКУПНО | 21 | 21 | 21 | 63 |

## ПРЕГЛЕД НА ОСВОЕНИ МЕДАЛИ ПО РЕГИОНИ 2015

| Ред. број | Регион | ЗЛАТНИ | СРЕБРЕНИ | БРОНЗЕНИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | I Регион | 1 | 7 | 3 | 11 |
| 2 | II Регион | 4 | 2 | 3 | 9 |
| 3 | III Регион | 1 | 3 | – | 4 |
| 4 | IV Регион | 6 | 1 | 5 | 12 |
| 5 | V Регион | 3 | 1 | 1 | 5 |
| 6 | VI Регион | 2 | 2 | 4 | 8 |
| 7 | VII Регион | 1 | 2 | 2 | 5 |
| 8 | VIII Регион | 3 | 3 | 3 | 9 |
| | В К У П Н О | 21 | 21 | 21 | 63 |

# ПРЕГЛЕД НА ЗДРУЖЕНИЈА ПО СПОРТСКИ ДИСЦИПЛИНИ ВО 2015

**СТРЕЛАШТВО**

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Гази Баба | 1. Центар |
| 2. ОВР | 2. ОВР |
| 3. Прилеп | 3. Битола |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Кавадарци | 5. Кавадарци |
| 6. Куманово | 6. Куманово |
| 7. Штип и Карбинци | 7. Штип и Карбинци |
| 8. Кочани | 8. Кочани |

**ТРЧАЊЕ ДО 60 ГОД.**

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Центар | 1. Гази Баба |
| 2. Тетово | 2. Тетово |
| 3. Прилеп | 3. Ресен |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Велес | 5. Кавадарци |
| 6. Куманово | 6. Куманово |
| 7. Струмица | 7. Штип и Карбинци |
| 8. Берово | 8. Мак. Каменица |

**ШАХ**

| | |
|---|---|
| 1. Центар | 1. Центар |
| 2. Тетово | 2. Тетово |
| 3. Ресен | 3. ----------- |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Струга |
| 5. Гевгелија | 5. Велес |
| 6. Крива Паланка | 6. Куманово |
| 7. Штип и Карбинци | 7. Штип и Карбинци |
| 8. Кочани | 8. Мак. Каменица |

**ТРЧАЊЕ НАД 60 ГОД.**

| | |
|---|---|
| 1. Кисела Вода | 1. Гази Баба |
| 2. ОВР | 2. Ѓорче Петров |
| 3. Битола | 3. Прилеп |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Валандово | 5. Велес |
| 6. Пробиштип | 6. Куманово |
| 7. Ново Село | 7. Струмица |
| 8. Мак. Каменица | 8. Кочани |

**ПИКАДО**

| | |
|---|---|
| 1. Центар | 1. Воени пензионери |
| 2. Тафталиџе | 2. Тетово |
| 3. Прилеп | 3. Прилеп |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Кичево |
| 5. Велес | 5. Демир Капија |
| 6. Злетово | 6. Куманово |
| 7. Штип и Карбинци | 7. Штип и Карбинци |
| 8. Делчево | 8. Делчево |

**ДОМИНО**

| | |
|---|---|
| 1. Чаир | 1. Шуто Оризари |
| 2. Тетово | 2. ОВР |
| 3. Прилеп | 3. Ресен |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Кичево |
| 5. Дојран | 5. Гевгелија |
| 6. Злетово | 6. Куманово |
| 7. Штип и Карбинци | 7. Радовиш и Конче |
| 8. Мак. Каменица | 8. Кочани |

**ТЕГНЕЊЕ ЈАЖЕ**

| | |
|---|---|
| 1. Гази Баба | 1. Солид. Илинден |
| 2. Тетово | 2. Тетово |
| 3. Прилеп | 3. Прилеп |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Гевгелија | 5. Кавадарци |
| 6. Пробиштип | 6. Пробиштип |
| 7. Штип и Карбинци | 7. Штип и Карбинци |
| 8. Кочани | 8. Виница |

**ТАБЛА**

| | |
|---|---|
| 1. Соли. Аеродром | 1. Центар |
| 2. Тетово | 2. Ѓорче Петров |
| 3. Битола | 3. Прилеп |
| 4. Кичево | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Кавадарци | 5. Демир Капија |
| 6. Куманово | 6. Злетово |
| 7. Струмица | 7. Радовиш и Конче |
| 8. Делчево | 8. Пехчево |

**ФРЛАЊЕ ЃУЛЕ**

| | |
|---|---|
| 1. Солид. Илинден | 1. Солид. Аеродром |
| 2. Тетово | 2. Тетово |
| 3. Прилеп | 3. Прилеп |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Дојран | 5. Богданци |
| 6. Куманово | 6. Куманово |
| 7. Струмица | 7. Радовиш и Конче |
| 8. Мак. Каменица | 8. Виница |

| ТРОБОЈ | ДВОБОЈ |
|---|---|
| 1. Солид. Аеродром | 1. Солид. Илинден |
| 2. ОВР | 2. Ѓорче Петров |
| 3. Прилеп | 3. Битола |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Кавадарци | 5. Кавадарци |
| 6. Куманово | 6. Кратово |
| 7. Радовиш и Конче | 7. Штип и Карбинци |
| 8. Кочани | 8. Берово |

**СКОК ОД МЕСТО**

| | |
|---|---|
| 1. Центар | 5. Кавадарци |
| 2. Тетово | 6. Куманово |
| 3. Прилеп | 7. Штип и Карбинци |
| 4. Охрид и Дебрца | 8. Кочани |

# ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИТЕ УЧЕСНЦИ
## НА НАТПРЕВАРИТЕ - 2015

| Ред. бр. | Региони екипа | ДИСЦИПЛИНИ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | Вкупно | | Сев купно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Стре лаштво | | Шах | | Пикадо | | Тегнење јаже | | Фрлање Ѓуле | | Трчање до 60 г. | | Трчање над 60 г. | | Скок од место | Домино | | Табла | | Тробој | Двобој | | | |
| | 1 | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | 6 | | 7 | | 8 | | 9 | 10 | | 11 | | 12 | 13 | 14 | | 15 |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | |
| **I Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | Гази Баба | 4 | | | | | | 7 | | | | | 1 | | 1 | | | | | | | | **11** | **02** | **13** |
| 2 | Центар | | 4 | 4 | 3 | 4 | | | | | | 1 | | | | | | | | 1 | | | **09** | **08** | **17** |
| 3 | Воени Пенз. | | | | | | 4 | | | | | | | | | | | | | | | | **-** | **04** | **04** |
| 4 | Солид.Илин. | | | | | | | | 7 | 1 | | | | | | | | | | | | 1 | **01** | **08** | **09** |
| 5 | Солид.Аеро. | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | | 1 | | 1 | | **02** | **01** | **03** |
| 6 | Кис. Вода | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | | | **01** | **-** | **01** |
| 7 | Чаир | | | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | | | | | | **02** | **-** | **02** |
| 8 | Шуто Ориз. | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | **-** | **01** | **01** |
| **II Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 9 | Тетово | | | 4 | 3 | | 4 | 7 | 7 | 1 | 1 | 1 | 1 | | | 1 | 1 | | 1 | | | | **16** | **16** | **32** |
| 10 | ОВР | 4 | 4 | | | | | | | | | | | 1 | | | | 1 | | | 1 | | **06** | **05** | **11** |
| 11 | Ѓ. Петров | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | 1 | | 1 | **-** | **03** | **03** |
| 12 | Тафталиџе | | | | | 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | **04** | **-** | **04** |
| 13 | Гостивар | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **III Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 14 | Прилеп | 4 | | | | 4 | 4 | 7 | 7 | 1 | 1 | 1 | | | 1 | 1 | 1 | | | 1 | 1 | | **20** | **14** | **34** |
| 15 | Битола | | 4 | | | | | | | | | | | 1 | | | | | 1 | | | 1 | **02** | **05** | **07** |
| 16 | Ресен | | | 4 | | | | | | | | | 1 | | | | | 1 | | | | | **04** | **02** | **06** |
| **IV Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 17 | Охрид | 4 | 4 | 4 | | 4 | | 7 | 7 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | | 1 | 1 | 1 | **25** | **16** | **41** |
| 18 | Кичево | | | | | | 4 | | | | | | | | | | | 1 | 1 | | | | **01** | **05** | **06** |
| 19 | Струга | | | | 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | **-** | **03** | **03** |
| **V Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 20 | Кавадарци | 4 | 4 | | | | | | 7 | | | | 1 | | | 1 | | | 1 | | 1 | 1 | **07** | **13** | **20** |
| 21 | Гевгелија | | | 4 | | | | 7 | | | | | | | | | | 1 | | | | | **11** | **01** | **12** |
| 22 | Велес | | | | 3 | 4 | | | | | | 1 | | | 1 | | | | | | | | **05** | **04** | **09** |
| 23 | Д. Капија | | | | | | 4 | | | | | | | | | | | | | 1 | | | **-** | **05** | **05** |
| 24 | Дојран | | | | | | | | | 1 | | | | | | | 1 | | | | | | **02** | **-** | **02** |
| 25 | Богданци | | | | | | | | | | 1 | | | 1 | | | | | | | | | **-** | **01** | **01** |
| 26 | Валандово | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | **01** | **-** | **01** |
| **VI Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 27 | Куманово | 4 | 4 | | 3 | | 4 | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | 1 | 1 | | 1 | 1 | | 1 | | **19** | **13** | **24** |
| 28 | К. Паланка | | | 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | **04** | **-** | **04** |
| 29 | Злетово | | | | | 4 | | | | | | | | | | | 1 | | | 1 | | | **05** | **01** | **06** |
| 30 | Пробиштип | | | | | | | 7 | 7 | | | | | 1 | | | | | | | | | **08** | **07** | **15** |
| 31 | Кратово | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | 1 | **-** | **01** | **01** |
| **VII Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 32 | Штип | 4 | 4 | 4 | 3 | 4 | 4 | 7 | 7 | | | | 1 | | | 1 | 1 | | | | | 1 | **21** | **20** | **41** |
| 33 | Струмица | | | | | | | | | 1 | | 1 | | | 1 | | | | 1 | | | | **03** | **01** | **04** |
| 34 | Радовиш | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | 1 | | 1 | 1 | | **01** | **03** | **04** |
| 35 | Ново Село | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | | | **01** | **-** | **01** |
| **VIII Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 36 | Кочани | 4 | 4 | 4 | | | | 7 | | | | | | | 1 | 1 | | 1 | | | 1 | | **17** | **06** | **23** |
| 37 | М.Каменица | | | | 3 | | | | | 1 | | | 1 | 1 | | | 1 | | | | | | **03** | **04** | **07** |
| 38 | Делчево | | | | | 4 | 4 | | | | | | | | | | | | 1 | | | | **05** | **04** | **09** |
| 39 | Виница | | | | | | | | 7 | | 1 | | | | | | | | | | | | **-** | **08** | **08** |
| 40 | Берово | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | | | | 1 | **01** | **01** | **02** |
| 41 | Пехчево | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | **-** | **01** | **01** |
| | **Вкупно** | **32** | **32** | **32** | **21** | **32** | **32** | **56** | **56** | **08** | **08** | **08** | **08** | **08** | **08** | **08** | **08** | **08** | **08** | **08** | **08** | **08** | **208** | **189** | **397** |

# ПЛАСМАН НА ЕКИПИТЕ
## НА XX СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ 2015

| Ред. бр. | Здружение | Освоени места | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Бр. на Дисцип. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | вкупно бодови |
| 1 | Охрид и Дебрца | 17 | 4 | 1 | 4 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 103 |
| 2 | Куманово | 13 | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 1 | 1 | 1 | 72 |
| 3 | Прилеп | 13 | 1 | 2 | – | 4 | 3 | – | 2 | 1 | 65 |
| 4 | Тетово | 12 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 64 |
| 5 | Кочани | 8 | 1 | 3 | 2 | 1 | – | 1 | – | – | 56 |
| 6 | Штип и Карбинци | 12 | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 2 | 54 |
| 7 | Кавадарци | 8 | – | – | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 30 |
| 8 | Макед. Каменица | 5 | 1 | – | 1 | 2 | – | – | – | 1 | 29 |
| 9 | Центар | 6 | 1 | 1 | – | – | 1 | – | 3 | – | 28 |
| 10 | Кичево | 3 | 2 | – | – | – | – | 1 | – | – | 27 |
| 11 | Гази Баба | 4 | – | 1 | 2 | – | – | – | 1 | – | 22 |
| 12 | Гевгелија | 3 | 1 | – | – | 1 | 1 | – | – | – | 21 |
| 13 | Делчево | 3 | 1 | – | – | 1 | – | 1 | – | – | 20 |
| 14 | Ѓорче Петров | 3 | 1 | – | – | – | 1 | 1 | – | – | 19 |
| 15 | ОВР | 5 | – | 1 | 1 | – | – | 1 | – | 2 | 19 |
| 16 | Солидар. Аеродр. | 3 | – | 2 | – | – | – | – | 1 | – | 18 |
| 17 | Радовиш и Конче | 4 | – | 1 | – | 1 | – | 1 | 1 | – | 18 |
| 18 | Солидар.Илинден | 3 | – | 1 | 1 | – | – | 1 | – | – | 17 |
| 19 | Битола | 4 | – | 1 | – | – | 2 | – | – | – | 17 |
| 20 | Дојран | 2 | 1 | – | – | – | 1 | – | – | – | 16 |
| 21 | Пробиштип | 3 | – | – | 1 | 1 | – | – | 1 | – | 13 |
| 22 | Велес | 4 | – | – | – | – | – | 3 | – | 1 | 13 |
| 23 | Богданци | 1 | 1 | – | – | – | – | – | – | – | 12 |
| 24 | Тафталиџе | 1 | 1 | – | – | – | – | – | – | – | 12 |
| 25 | Чаир | 2 | – | 1 | – | – | 1 | – | – | – | 12 |
| 26 | Злетово | 3 | – | – | 1 | – | – | – | 1 | 1 | 9 |
| 27 | Струмица | 4 | – | – | – | – | 1 | – | 2 | 1 | 9 |
| 28 | Шуто Оризари | 1 | – | 1 | – | – | – | – | – | – | 8 |
| 29 | Валандово | 1 | – | 1 | – | – | – | – | – | – | 8 |
| 30 | Кратово | 1 | – | 1 | – | – | – | – | – | – | 8 |
| 31 | Ресен | 3 | – | – | – | – | – | 2 | – | 1 | 7 |
| 32 | Струга | 1 | – | – | 1 | – | – | – | – | – | 6 |
| 33 | Берово | 2 | – | – | – | 1 | – | – | – | 1 | 6 |
| 34 | Пехчево | 1 | – | – | – | 1 | – | – | – | – | 5 |
| 35 | Демир Капија | 2 | – | – | – | – | – | 1 | 1 | – | 5 |
| 36 | Виница | 2 | – | – | – | – | – | 1 | – | 1 | 4 |
| 37 | Кисела Вода | 1 | – | – | – | – | – | 1 | – | – | 3 |
| 38 | Крива Паланка | 1 | – | – | – | – | – | 1 | – | – | 3 |
| 39 | Ново Село | 1 | – | – | – | – | – | – | 1 | – | 2 |
| 40 | Воени Пензионери | 1 | – | – | – | – | – | – | – | 1 | 1 |
| 41 | Гостивар | 1 | – | – | – | – | – | – | – | – | 0 |

# ПРЕГЛЕД НА ОСВОЕНИТЕ МЕСТА И ПОЕНИ НА НАТПРЕВАРИТЕ ВО 2015 ГОДИНА

| Освоено место | Здружение | Број на дисциплини | Освоени бодови |
|---|---|---|---|
| 1. | Охрид и Дебрца | 17 | 102 |
| 2. | Куманово | 13 | 72 |
| 3. | Прилеп | 13 | 65 |
| 4. | Тетово | 12 | 64 |
| 5. | Кочани | 8 | 56 |
| 6. | Штип и Карбинци | 12 | 54 |
| 7. | Кавадарци | 8 | 30 |
| 8. | Македонска Каменица | 5 | 29 |
| 9. | Центар – Скопје | 6 | 28 |
| 10. | Кичево | 3 | 27 |
| 11. | Гази Баба | 4 | 22 |
| 12. | Гевгелија | 3 | 21 |
| 13. | Делчево | 3 | 20 |
| 14. | Ѓорче Петров | 3 | 19 |
| 15. | ОВР | 5 | 19 |
| 16. | Солидарност Аеродром | 3 | 18 |
| 17. | Радовиш | 4 | 18 |
| 18. | Солидарни Илинден | 3 | 17 |
| 19. | Битола | 4 | 17 |
| 20. | Дојран | 2 | 16 |
| 21. | Пробиштип | 3 | 13 |
| 22. | Велес | 4 | 13 |
| 23. | Богданци | 1 | 12 |
| 24. | Тафталиџе | 1 | 12 |
| 25. | Чаир | 2 | 12 |
| 26. | Злетово | 3 | 9 |
| 27. | Струмица | 4 | 9 |
| 28. | Шуто Оризари | 1 | 8 |
| 29. | Валандово | 1 | 8 |
| 30. | Кратово | 1 | 8 |
| 31. | Ресен | 3 | 7 |
| 32. | Струга | 1 | 6 |
| 33. | Берово | 2 | 6 |
| 34. | Пехчево | 1 | 5 |
| 35. | Демир Капија | 2 | 5 |
| 36. | Виница | 2 | 4 |
| 37. | Кисела Вода | 1 | 3 |
| 38. | Крива Паланка | 1 | 3 |
| 39. | Ново Село | 1 | 2 |
| 40. | Воени Пензионери | 1 | 1 |
| 41. | Гостивар | 1 | 0 |

# ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИОТ БРОЈ УЧЕСНИЦИ НА НАТПРЕВАРИТЕ ВО 2015 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Гази Баба | 36 |
| 2. | Центар | 20 |
| 3. | Воени пензионери | 6 |
| 4. | Илинден – Солидарни | 18 |
| 5. | Солидарност – Аеродром | 5 |
| 6. | Кисела Вода | 5 |
| 7. | Чаир | 8 |
| 8. | Шуто Оризари | 2 |
| 9. | Бутел | 50 |
| 10. | Тетово | 40 |
| 11. | ОВР | 30 |
| 12. | Ѓорче Петров | 10 |
| 13. | Гостивар | 17 |
| 14. | Тафталиџе | 10 |
| 15. | Карпош | 4 |
| 16. | Сарај | 4 |
| 17. | Прилеп | 55 |
| 18. | Битола | 18 |
| 19. | Ресен | 9 |
| 20. | Крушево | 0 |
| 21. | Демир Хисар | 4 |
| 22. | Охрид и Дебрца | 52 |
| 23. | Кичево | 16 |
| 24. | Струга | 6 |
| 25. | Дебар и Центар Жупа | 5 |
| 26. | Македонски Брод | 4 |
| 27. | Вевчани | 3 |
| 28. | Лабуништа | 2 |
| 29. | Кавадарци | 30 |
| 30. | Гевгелија | 23 |
| 31. | Велес | 18 |
| 32. | Демир Капија | 8 |
| 33. | Дојран | 0 |
| 34. | Богданци | 3 |
| 35. | Валандово | 4 |
| 36. | Неготино | 5 |
| 37. | Куманово | 33 |
| 38. | Крива Паланка | 9 |
| 39. | Злетово | 11 |
| 40. | Пробиштип | 20 |
| 41. | Кратово | 5 |
| 42. | Штип | 55 |
| 43. | Струмица | 10 |
| 44. | Радовиш | 17 |
| 45. | Ново Село | 5 |
| 46. | Свети Николе | 4 |
| 47. | Лозово | 3 |
| 48. | Кочани | 36 |
| 49. | Мак. Каменица | 14 |
| 50. | Делчево | 18 |
| 51. | Виница | 20 |
| 52. | Берово | 2 |
| 53. | Пехчево | 4 |
| 54. | Лекарска екипа | 3 |
| 55. | Музика | 7 |
| 56. | Фоторепортери | 5 |
| 57. | Полицајци | 2 |
| 58. | СЗПМ | 50 |
| 59. | Други | 342 |
| | **ВКУПНО** | **1205** |

# ВКУПЕН БРОЈ НА НЕПОСРЕДНИ УЧЕСНИЦИ СПОРЕД ПОЛОТ

| | |
|---|---|
| Вкупно учествувале | 397 |
| Мажи | 208 |
| Жени | 189 |



## ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ ВО 2015 ГОДИНА

**Драги Аргировски**, претседател на СЗПМ
**Бесник Поцеста**, потпретседател на Собранието на СЗПМ
**Станка Трајкова**, секретар на ИО на СЗПМ
**Здравко Петковски**, претседател на Комисијата за спорт на СЗПМ
**Ристо Трајкоски**, член на ИО на СЗПМ и
**8 претседатели на ИО на ЗП**
домаќини на регионалните натпревари

## КОМИСИЈА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ПРИ СЗПМ

**Здравко Петковски**, претседател
**Љубица Кузмановска**, ЗП Куманово
**Ристо Трајкоски**, ЗП Охрид и Дебрца
**Иван Цветановски**, ЗП Гази Баба
**Гале Бобаровски**, ЗП Гостивар
**Лилјана Младеновска**, ЗП Радовиш и Конче
**Милан Тодороски**, ЗП Прилеп
**Харалампие Ампов**, ЗП Виница
**Перо Андонов**, ЗП Кавадарци



# СУДИИ ПО ДИСЦИПЛИНИ

## Срелаштво

**Петар Андов** – координатор – Кавадарци
**Гога Ангеловски** – ОВР
**Никола Кижевски** – Кичево
**Цветан Ѓуреcки** – Охрид и Дебрца
**Љубинко Ристов** – Ѓорче Петров
**Зоран Зафиров** – Гевгелија
**Велко Стојмиров** – Кочани

## Шах

**Харалампие Ампов** – координатор – Виница
**Љубомир Димитриевски** - Куманово
**Фаик Јашари** – Тетово
**Тодор Миленковски** – Крива Паланка
**Крсте Петров** – Кавадарци
**Димитар Илиевски** – ОВР
**Беадин Доко** – Охрид и Дебрца
**Фидан Ѓоргиев** – Кочани
**Слободан Михајловски** – ОВР

## Пикадо

**Милан Тодоровски** – координатор – Прилеп
**Владо Вељановски** – Кичево
**Трајче Трајанов** – Центар
**Димче Кузмановски** – Тетово
**Елисавета Лазаревска** – Струга
**Марија Маневска** – Лозово
**Надежда Булативиќ** – Куманово
**Митре Ристов** –

## Тегнење јаже

**Ристо Трајкоски** – координатор – Охрид и Дебрца
**Петруш Соколов** – Кочани
**Димитар Патаров** – Штип и Карбинци
**Бошко Богдановски** – Тетово
**Стојан Насевски** – Кратово
**Благоја Петковски** – Тафталиџе
**Милан Толов** – Неготино
**Петруш Спасовски** – Гази Баба
**Тодор Михајлов** – Виница
**Благоја Ристески** – Прилеп
**Наум Пуфтоски** – Охриди Дебрца
**Никола Иванов** – Штип и Карбинци

## Трчање, Фрлање ѓуле, Скок од место

**Љбица Кузмановска** – координатор – Куманово
**Христифор Тодоров** – Тетово
**Илчо Ристевски** – Ресен
**Ванчо Николов** – Радовиш и Конче
**Панде Иванчев** – Струмица
**Јован Андов** – Велес
**Миле Христоски** – Охрид и Дебрца

## Тробој мажи, двобој жени

**Гале Бобаровски** – координатор – Гостивар
**Фидан Павловски** - Македонска Каменица
**Благоја Спиркоски** – Прилеп
**Благоја Клекачкоски** – Прилеп
**Милорад Ивановски** – Куманово
**Мустафа Скикули** – Дебар и Центар Жупа
**Лазар Лазаров** – Радовиш
**Димче Стојкоски** – Охрид и Дебрца

## Табла

**Иван Цветановски** – координатор – Гази Баба
**Ристо Ангелов** – Делчево
**Ванчо Србаков** – Радовиш и Конче
**Живко Петровски** – Прилеп
**Мијалче Миланов** - Штип и Карбинци
**Теохар Палазов** – Гостивар
**Стефан Владимиров** – Охрид и Дебрца
**Крум Стаменков** – Виница

## Домино

**Лилјана Младеновска** – координатор – Радовиш и Конче
**Јовица Ванчевски** - Куманово
**Ѓорги Борисов** – Штип и Карбинци
**Ѓорѓи Костов** – Гевгелија
**Мирјана Трајкоска** – Охрид и Дебрца
**Ѓорѓи Бехлимов** – Радовиш и Конче
**Надежда Топалова** – Кисела Вода
**Павле Маневски** – Бутел

## ЦЕНТРАЛНА КОМИСИЈА

1. **Здравко Петковски** – претседател
2. **Љубица Кузмановска** – член
3. **Ристо Трајкоски** – член

## ПРВ РЕГИОН

# Најдобри спортистите на ЗП Центар

На 13–ти јуни 2015 година во организација на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, а под покровителство на градоначалникот на општина Илинден, Жика Стојановски, се оддржаа јубилејните 20–ти Регионални пензионерски спортски игри од Првиот регион. Домаќин за првпат на оваа



спортска регионална манифестација беше здружението Солидарни – пензионери – Илинден. Игрите се одржаа на помошното фудбалско игралиште во Спортскиот центар „Марино", како и во СОСУ „Илинден", каде во 11 дисциплини се натпреваруваа 550 претставници од ЗП „Гази Баба", „Кисела Вода", „Солидарност – Аеродром", „Воени пензионери", „Центар", „Чаир", „Бутел", „Шуто Оризари" и домаќинот, „Солидарни пензионери". Најпрво на учесниците и присутните им се обрати претседателот на ИО на ЗП Солидарни пензионери, **Благоја Атанасовски**, кој ги поздрави гостите на пензионерите спортисти им посака добредојде, добри резултати и пријатен престој.

Со пригодни зборови на присутните и пензионерите спортисти им се обрати претседателот на СЗПМ, **Драги Аргировски**, кој изрази задоволство од добрата организација. „Добри разултати во работата постигнуваат само оние здруженија кои имаат добра соработка со локалната самоуправа и градоначалникот. Таков пример е и ова здружение. На натпреварувачите им посакувам фер натпревари и нека победат најподготвените, – истакна Аргировски.



Градоначалникот **Жика Стојановски**, за време на отворањето на игрите, покрај другото, истакна: „Ми претставува големо задоволство што имам можност денес да бидам овде со вас. Дозволете ми најнапред да ја искажам мојата благодарност за укажаната доверба јубилејните 20–ти Регионални пензионерски спортски игри да се одржат во нашата општина. Тоа за нас претставува голема чест".

Во знак на благодарност за афирмацијата на Општина Илинден градоначалникот Стојановски им додели посебни признанија на претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, како и на претседателот на ИО Солидарни пензионери – Илинден, Благоја Атанасовски.

Најдобри резултати во екипна и поединечна конкуренција имаа спортистите од ЗП Центар, а забележителни постигања имаше и ЗП Гази Баба. Карактеристично за натпреварите беше спортскиот дух и доброто дружање меѓу пензионерите, кое заврши со заедничка веселба.

## ВТОР РЕГИОН

# Тетовчани по 20-ти пат најдобри

Со 12 освоени први места во машка и женска конкуренција во 11 спортски дисциплини на регионалните натпревари на пензионерите од вториот регион, тетовските пензионери по 20–ти пат станаа колективни победници. Ова е епилогот на регионалните спортски натпревари на пензионерите што се одржаа во кругот на комбинатот „Тетекс" во Тетово на 22–ри мај.

На учесниците на натпреварите први им се обратија домаќините – **Стојан Соколовски,** претседател на Собранието и **Шабан Азизи**, претседател на Извршниот одбор на ЗП Тетово. Најнапред истакнаа дека се добредојдени сите од здруженијата од Гостивар, Сарај, Ѓорче Петров, Тафталиџе, Карпош, ОВР и домаќинот Тетово. „За нас пензионерите, голема добивка е меѓусебното дружење, а уште поголема, па и привилегија, да се учествува на спортски натпревари. Но, најважно е да





се учествува, а нека победат најподготвените, најхрабрите и најсреќните", – нагласија домаќините.

Натпреварите за отворени ги прогласи **Бесник Поцеста**, потпретседател на Собранието на СЗПМ. Тој најнапред ги пренесе поздравите од претседателот Драги Аргировски, а потоа, на негов својствен начин, на трите јазика – македонски, албански и турски на сите учесници на натпреварите им посака успех, здравје и долг живот.

На 20–тите регионални спортски натпревари на пензионерите во Тетово, второто место им припадна на ОВР Скопје, потоа Ѓорче Петров, Гостивар и Тафталиџе. Тетово освои 13 први, три втори и три трети места, ОВР три први, 4 втори и 3 трети, Ѓорче Петров три први, 5 втори и Тафталиџе едно прво, 4 втори и 1 трето место. Пензионерите на другите две Здруженија Сарај и Карпош освоија по едно второ и едно трето место.

Спортската манифестација заврши со игри, песни и веселба што се одржа во ресторанот „Арена" во кругот на „Тетекс".

## ТРЕТ РЕГИОН

# Прилепчани со најмногу први места

На 18 јуни, на спортските терени во Паркот на револуцијата во Прилеп, вриеше како во кошница со пчели. По дваесетти пат се одржуваа регионалните пензионерски спортрски



натпревари помеѓу ЗП Крушево, Битола, Ресен, Демир Хисар и домаќинот Прилеп.

На отворањето на годинашните регионални спортски пензионерски игри, покрај 170 спортисти од градовите учесници, присуствуваше и претседателот на СЗПМ, **Драги Аргировски**. Отворајќи ги Игрите, Аргировски им посака на учесниците уште многу, многу години да спортуваат, зашто како што рече, со дружењето и спортувањето подобро и поквалитетно се старее. Тој меѓу другото им посака успех и се разбира да победи најдобриот. Гостите ги поздрави и градоначалникот **Марјан Ристески** кој укажа на тоа, дека посакува и тој во доцните години од животот да може да се дружи и да спортува со неговите колеги – пензионери. Срдечно добредојде и убав спортски ден на учесниците и на гостите, кои овојпат ги имаше и од Благоевград, соседна Бугарија им посака и претседателот на Здружението – домаќин, **Кирил Ѓорѓиоски**.

Се трчаше, се фрлаше ѓуле, се скокаше во далечина, се тегнеше јаже, се стрелаше со воздушна пушка, се играше шах, табла, домино... По традиција и овој пат најдобри беа спортистите – домаќини. Тие ги освоија првите места во тегнење јаже, мажи и жени, пикадо и во машка и во женска конкуренција.

Закитувајќи се со 14 први места прилепските спортисти беа најдобри.



Благодарници и дипломи за освоените први, втори и трети места, како и благодарници за учеството на сите учесници им беа доделени на заедничката пензионерска веселба во ресторанот „Липа".

## ЧЕТВРТ РЕГИОН

# Незаборавна средба и дружење

На 06. јуни 2015 година во Кичево, во организација на СЗПМ се одржаа 20–тите јубилејни регионални спортски натпревари во кои учествуваа здруженијата на пензионерите од Дебар – Центар Жупа, Вевчани, Струга, Охрид, Македонски Брод и домаќинот Кичево. На убавите терени на ФК Напредок и во просториите на СУЦ „Мирко Милески" во Кичево, пред поголем број пензионери и граѓани љубители на спортот, учесниците од овој четврти



регион се натпреваруваа во 11 спортски дисциплини и тоа: шах, домино, табла, пикадо, трчање, влечење јаже, фрлање ѓуле, скок од место, стрелаштво, двобој – жени и тробој – мажи.

Најпрво, на платото пред Правниот Факултет во Кичево, гостите и учесниците, ги поздрави претседателот на Здружението на пензионерите од Кичево **Љубомир Лукароски**, а од името на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија спортистите ги поздрави и средбите ги прогласи за отворени **Бесник Поцеста,** потпреседател на Собранието на СЗПМ. Тој меѓу другото укажа на значењето на овие игри, не само за спортувањето во третото доба, туку и за дружењето на пензионерите од овај западен регион во Македонија, кои на ваквите манифестации се сплотуваат без оглед на националната и верска припадност, го шират пријателството и придонесуваат во негувањето на соживотот. На отворањето присуствуваше и претседателот на Комисијата за спорт и рекреација при СЗПМ Здравко Петкоски, кој даде битни информации за поуспешно реализирање на натпреварите.

И на овие регионални спортски напревари неприкосновени победници беа претставниците на ЗП Охрид и Дебрца, а второто место им припадна на домаќините од Кичево, зад кои останаа натпреварувачите од Струга, Дебар, Македонски Брод и Вевчани. Победничкиот пехар го прими претседателот на ЗП од Охрид и Дебрца Ѓорѓи Трпчески, а сите други здруженија за учеството добија благодарници.



Спортската средба продолжи во ресторанот „Арабела" каде со песни и музика сите заедно се дружеа пензионерите радувајќи им се на пријатните мигови кои ќе им останат долго во сеќавање.

## ПЕТТИ РЕГИОН

# Со 8 први места Кавадарчани најдобри

Јубилејните 20–ти регионални пензионерски спортски натпревари на здруженијата на пензионери од Велес, Кавадарци, Демир Капија, Неготино, Валандово, Гевгелија, Богданци и Дојран, се одржаа на 5–ти јуни 2015 година во Дојран. На терените и во просториите на комплексот „Истатов", во 11 спортски дисциплини си ги одмерија силите и покажаа висока психо–физичка подготвеност 215 натпреварувачи од овој регион.

Присутните пензионери, натпреварувачите како и гостите ги поздрави градоначалникот на Општина Дојран **Борче Стамов**, посакувајќи им пријатен престој во градот, како и претседателот на Здружението на пензионери Дојран, **Боривое Бојаџиев**, домаќини на Регионалните пензионерски спортски натпревари 2015. Во име на организаторот, Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, ги поздрави присутните и им посака спортска среќа и фер–плеј борба на натпреварувачите, секретарот на Извршниот одбор на СЗПМ **Станка Трајкова.** При отворањето на ова првенство, таа го истакна значењето на игрите за внесувањето свежина и здрав дух кај припадниците на третото доба, при што рече дека годините не се пречка достоинствено и активно да се вклучиме во секој сегмент на општественото живеење.





Потоа започна натпреварувањето во кое сите влагоа со оптимизам и надеж за подобри успеси. Сепак, најдобри резултати постигнаа спортистите од ЗП Кавадарци со освоени 8 први места, здружението на пензионери од Велес, освои 5 први места, а Здружението од Гевгелија со освоени 4 први места стана третопласирано.

Спортската манифестација заврши со доделеување признанија на победниците и благодарници на учесниците и заедничко дружење со песни, музика и оро, на кое сите играа, ја славеа победата на најдобрите и им се радуваа на пријатните моменти во животот.

## ШЕСТИ РЕГИОН

# Кумановци најзабележителни и во спортот

Во спортско–рекреативен комплекс „Парк" во селото Гиновци, во општина Ранковце, на 10 јуни во организација на СЗПМ се одржаа јубилејните 20–ти Регионални пензионерски спортски натпревари на 6–от регион, а домаќин беше Здружението на пензионери од Крива Паланка. Со посебен спортски дух и енергија, низ забава и дружење се натпреваруваа околу 200 пензионери од Куманово, Крива Паланка, Кратово, Пробиштип и Злетово.



Гостите и учесниците прв ги поздрави претседателот на ИО на ЗП Крива Паланка, **Иван Јакимовски,** кој им посака добредојде и успешен настап на сите натпреварувачи. Успех и поддршка на натпреварувачите им искажаа и градоначалниците на Крива Паланка и Ранковце **Арсенчо Алексовски** и **Момчило Алексовски**.

За значењето на оваа спортска манифестација зборуваше претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски,** кој посебно го истакна придонесот во јакнењето на духот и здравјето како предуслов за активно стареење и подолго живеење.

– Овие спортски игри имаат долга традиција и се вистински мегдан не само за одржување на виталноста и здравиот начин на живот на пензионерите, туку и на нивното зближување и проширувањето на соработката. Ваквите настани се добредојдени за лицата од третото доба. Ја одржуваат нивната физичка и ментална кондиција, придонесуваат за активно стареење и богат општествен и социјален живот на пензионерите. Истовремено, тие се и место каде се разменуваат искуства, се раѓаат нови идеи, се дружат, се забавуваат, – нагласи во своето обраќање Аргировски и го прогласи првенството за отворено.



Учесниците се натпреваруваа со голем ентузијазам и фер–плеј однесување, а најдобри резултати постигнаа натпреварувачите од ЗП Куманово со вкупно 13 први места, додека ЗП Пробиштип и Злетово освоија по 3, а ЗП Кратово и домаќинот, Крива Паланка, по едно прво место. Средбата заврши со врачување благодарници на учесниците и заедничко дружење во инспиративниот и амбиенталноуреден комплекс „Парк".

## СЕДМИ РЕГИОН

# Триумф на учесниците од Штип и Карбинци

На спортските терени во Ново Село во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, на 12 јуни се одржаа Регионални спортски натпревари од седмиот регион на кои учествуваа натпреварувачи од здруженија на




пензионери од Струмица, Штип и Карбинци, Радовиш и Конче, Свети Николе, Лозово и Здружението на пензионерите од Општина Ново Село, кои беа добри домаќини и обезбедија посебни пехари и шах табли за најдобрите натпреварувачи. Натпреварите се одржаа во 11 спортски дисциплини во машка и женска конкуренција, при што триунфираа пензионерите од Здружението на Штип и Карбинци со 12 први места и го освоија пехарот на регионот.

Натпреварувачите на ЗП Радовиш и Конче освоија 4 први места, на ЗП Струмица 4, на ЗП Ново Село 1.

На свеченото отворање на игрите во спортската сала во Ново Село најпрвин говореше **Илија Ковачев**, претседател на општинското здружението на пензионери, а пригодно обраќање имаше и градоначалникот на Општина Ново Село **Блажо Велков**, кој посебно ја потенцираше успешната соработка со здружението на пензионерите и потребата од нови заеднички активности во интерес на пензионерската популација.




Срдечно поздравен претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** го истакна значењето на регионалните спортски натпревари за создавање во здраво тело – здрав дух и дека најдобрите ќе учествуваат на 20–тите Републички пензионерски спортски натпревари, кои на 4. септември ќе се одржат во Скопје.

Пензионерите и од овој регион покажаа дека се со спортски дух и дека е многу значајно што имаат неуморна желба за заедничко дружење и за ширење пријателство што беше карактеристика и на средбата во ресторанот „Сонце" во село Борисово.

## ОСМИ РЕГИОН

# Најподготвени и најуспешни Кочанчани

Во саботата на 27 јуни 2015 година во Македонска Каменица се одржаа 20–те регионални пензионерски спортски игри со учество на над двеста пензионери од Кочани, Виница, Македонска Каменица, Делчево, Пехчево и Берово.

Присутните ги поздрави и им посака пријатен престој и успешни спортски резултати претседателот на ЗП Македонска Каменица **Видан Коневски**, а на присутните им се обрати и претседателот на СЗП на Македонија **Драги Аргировски**.



– Оваа мини пензионерска Олимпијада е одраз на спортскиот дух на пензионерите кои иако се во третата доба знаат и умеат да спортуваат, да постигнуваат одлични спортски резултати и да се дружат. Потоа Аргировски зборуваше и за заложбите на Сојузот за зголемување на пензиите, како и за многуте бенифиции кои ги имаат пензионерите од Македонија, истакнувајки дека тоа е резултат на грижата која води СЗПМ за своите членови пензионери.

На игрите во Македонска Каменица кои се одржаа на терените на Градскиот стадион на ФК „Саса" и во просториите на пензионерскиот клуб, учесниците се натпреваруваа во шах, домино, пикадо, стрелаштво, теглење јаже,трчање,тробој и скок од место и друго.

Најдобри резултати на средбите покажаа пензионерите од ЗП Кочани освојувајќи осум први места, две втори и две трети места. Екипно втори беа ЗП Македонска Каменица, а трети ЗП Виница. На најдобрите екипи и поединци организа–



торот им додели благодарници во знак на освоените места.

Најдобрите екипи и поединци во секоја категорија ќе учествуваат на Републичката пензиомнерска олимпијада која на 4. септември ќе се одржи во Скопје.

На годинешните 20–ти пензионерски регионални спортски натпревари учествуваа 1607 натпреварувачи

# Спортот е битен фактор за здравјето на пензионерите

Годинашмиве 20–ти по ред пензионерски регионални натпревари во сите 8 региони во Републиката се одржаа под знакот на големиот јубилеј 20 години континуирано одржување како на регионалните така и на републичките натпревари. Првите натпревари се одржаа во Охрид во 1996 година, а на нив учество земаа само десетина здруженија, кои се натпреваруваа само во три спортски дисциплини во присуство на 150 учесници. Оттогаш наваму, спортот како главна преокупација кај пензионерите, односно луѓето од третото доба, стана важна активност и фактор за одржување и подобрување на психофизичката состојба кај оваа популација. Оваа активност постојано се практикува и збогатува со внесување нови спортски дисциплини и други облици рекреација.

Во почетокот, првите неколку години, немаше никакви правила и пропозиции, но подоцна комисијата за спорт при Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија изготви Правилник за спортските натпревари. Овој Правилник постојано се надополнува со цел да се регулираат сите пропусти и недоречености успешно и уредно да се одвиваат натпреварите.

Оваа година регионалните пензионерски спортски натпреварите се одржаа во временскиот период од 22. мај до 27. јуни во целосна координација со Комисијата за спорт и рекреација на СЗПМ и здруженијата домаќини на игрите, па како резултат на тоа натпреварите беа одржани во различни термини и денови во сите 8 региони. Во 5 региони натпреварите се одржаа во работни денови, а останатите 3 во неработни денови.

На регионалните натпревари непосредно учество со свои натпреварувачи земаа 52 здруженија на старосни пензионери – членки на СЗПМ, кои се натпреваруваа во двете категории (мажи и жени) во 11 спортски дисциплини, вкупно 1607 натпреварувачи од кои 970 во машка и 637 во женска конкуренција. Бројот на натпреварувачи од година во година постојано се зголемува што е добар знак дека луѓето од третото доба сакаат да се занимаваат со спорт, да се рекреираат и меѓусобно дружат.

Иако бројот на натпреварувачи се зголемува постојано ако се има во предвид бројот на здруженијата и максималните можности на учество кое изнесува околу 2700 натпреварувачи, простор за зголемена активност на овој план има уште многу, особено во редовите на побројните здруженија кои се уште се недоволно активни.

Посебно треба да се истакне појавата која се манифестира во третиот и четвртиот регион поради недоволна активност на останатите здруженија, во поединачните дисциплини изостанува конкуренцијата, па така натпреварувачи од ЗП Охрид и Прилеп директно се пласираат за републичките натпревари. Оваа појава никако не може да им се препише на овие две здруженија кои на спортот навистина му посветуваат големо внимание бидејќи решенијата вградени во правилникот и пропозициите тоа го дозволуваат. На овој план во наредниот период очекуваме останатите здруженија во тие региони да ја зголемат својата активност и да создадат поголема конкуренција.

За истакнување е дека во дисциплината тробој и двобој во последните години е достигнат максимумот на учесници, иако во првите години имаше доста здруженија кои не настапуваа во овие дисциплини, а се случуваше и одреден регион да нема преставници за републичките натпревари.

За жал се уште во третиот регион ни едно здружение на пензионери не успеа да формира екипа во дисциплината шах – жени, па како резултат на тоа наместо 400 натпреварувачи на годинашниве 20–ти по ред републички натпревари ќе настапат 397 натпреварувачи од кои 208 во машка и 189 во женска конкуренција.

Радува фактот што покрај спортистите на регионалните натпревари присуствуваа и меѓу себе се дружеа и навиваа за своите екипи и поединци, уште 837 пензионери, членови на здруженијата на пензионерите или севкупно на регионалните игри учествуваа 2444 пензионери.

Ако се има предвид тоа дека на регионалните игри му претходат обемни подготовки по ограноците внатре во рамките на здруженијата во кои се вклучени поголем број пензионери, а подоцна по пат на селекција во меѓусебни натпревари на регионалните натпревари настапуваат најдобрите, оценка е дека на подготовките кои траат подолг временски период (два до три





решавањето на нивните проблеми и активности од страна на општините. Вреди да се истакне дека градоначалниците на општините Илинден и Ново Село беа и покровители на регионалните игри.

Иако на овие игри настапуваат натпреварувачи во поодминати години, тие во сите дисциплини постигнуваат високи резултати на кои можат да им позавидат и помлади активни спортисти. Така во дисциплината стрелање со воздушна пушка голем е бројот на натпреварувачи кои постигнуваат и по 85–90 кругови од 100 можни, што е за секаква почит. Високи резултати се постигнуваат и во дисциплините каде што резултатот е мерлив (трчање, фрлање ѓуле, скок од место итн).

Отворено останува прашањето за осигурување на спортистите кои настапуваат во атлетските дисциплини, а е предвидено во правилникот

месеци) на истите активно земале учество или се раздвижени на спортски план повеќе од 15 000 пензионери. Оваа активност придонесува за нивното психофизичко одржување и активно стареење.



Наведените податоци во целост го оправдуваат скромното финансиско зафаќање на дел од средствата на здруженијата на пензионерите и на Сојузот.

Анализирајќи ги сите активности што им претходат на регионалните натпревари, како и содржините на самите натпревари, може да се каже дека тие од година во година добиваат на квалитет. Таму каде што има добри и темелни подготовки, имаме и квалитетни натпревари, а таму каде што површно се постапуваше во подготовките, се манифестираат



за спортски игри како обврска на здруженијата домаќини. Потребно е комисијата за спорт на овој проблем да му посвети посебно внимание и да предложи соодветно решение.

На крајот за истакнување е и фактот што од вкупниот број 52 здруженија кои земаа уменство на регионалните спортски игри, право на настап на републичките натпревари обезбедија 41 здружение.

На 20–тата јубилејна Републичка пензионерска олимпијада – Скопје 2015, седум од осумте региони ќе настапат со максимален број на натпреварувачи (50), а еден регион ќе настапува со 47 натпреварувачи.

пропусти.

За истакнување е фактот што на 5 регионални средби на натпреварите беа присутни градоначалниците на локалната самоуправа, кои пред присутните пензионери настапуваа со пригодни говори. Интересно е да се напомене дека сите градоначалници во своите обраќања се произнесуваа дека пензионерската популација секогаш ќе има полна поддршка и разбирање во

Очекуваме и во иднина нашата централна, па и локална власт да продолжи во создавање услови за спортување на возрасните граѓани – пензионерите, со што тие ќе се поттикнат повеќе да спортуваат, а и психофизички ќе зајакнуваат и ќе си го чуваат здравјето.

**Претседател на комисија за спорт и рекреација**
**Здравко Петковски**

Хронологија на Републичките пензионерски спортски натпревари

# 20 години спортување и дружење

Пред 20 години во чест на Денот на пензионерите на Македонија, 20–ти септември, во далечната 1996 година на иницијатива на дел од раководството на Сојузот и на некои здруженија започна да со реализација една убава идеа: организирање масовни спортски натпревари на пензионерите во Македонија, тргнувајќи од фактот дека спортувањето во поодминати години од животот овозможува да се одржува физичката и интелектуалната функција на човековиот организам и да се создава во здраво тело – здрав дух. Оваа иницијатива била доставена до сите, 34 здруженија на пензионери (толу ги имало тогаш), при што се добиле различни мислења и предлози. Кај многумина постоело извесно сомневање за тоа каков ќе биде интересот кај пензионерите за спортување, дали ќе се обезбедат најнеопходните материјални и други средства и слично. Сепак, преовладале оптимизмот и корисноста од спортското организирано дружење за ширење на пријателства и за надминување на монотонијата во животот кај пензионерите.

На **Првите републички пензионерски спорски натпревари (РПСН)** што се одржале во **Охрид** на 28. август **1996** година, учествувале само 13 здруженија: Охрид, Куманово, Тетово, Струмица, Радовиш, Гостивар, Ресен, Кичево, Велес, Неготино, Кочани, Пробиштип и ОВР Скопје со вкупно 150 учесници, од кои 45 натпреварувачи во шах, стрелаштво и пикадо. Во шах победила екипата на ОВР – Скопје, во стрелаштво Тетово и во пикадо – жени Куманово. Првите републички пензионерски натпревари за отворени ги прогласил **Андон Марковски**, тогашен потпретседател на Сојузот на пензионерите на Македонија. Биле постигнати скромни резултати, но на овие балкански простори тоа биле првите пензионерски спортски игри. Тие како течеле годините станувале помасовни и поквалитетни.

Во **1997** година, на **Вторите РПСН** во **Дојран** учествувале 80 натпреварувачи и 270 навивачи и гости од 19 здруженија: Берово, Битола, Гостивар, Гевгелија, Кавадарци, Кичево, Кочани, Крива Паланка, Куманово, Охрид, Прилеп, Радовиш, Свети Николе, Струмица, Тетово, Штип и ОВР, Кисела Вода и Гази Баба од Скопје. Домаќин на средбата било ЗП Гевгелија, а пензионерите се натпреваруваа во 6 дисциплини: шах, домино, стрелање, трчање, пикадо и тегнење јаже. Треба да се забележи дека за првите две републички средби не се објавени информативни билтени, поради што изостануваат поцелосни податоци.

Во **1998** година Сојузот презема пошироки активности за посестрано, посеопфатно и поквалитетно организирање на слободното време на пензионерите, особено на спортското поле. На 20 септември на спортските терени кај Кумановска Бања во **Куманово** се одржале **Третите** по ред РПСН со учество на 500 учесници од кои над 100 биле натпреварувачи во 6 дисциплини. Според објавениот Информативен билтен во шах во машка конкуренција победник била екипата на ЗП Битола, а кај жените на ЗП Гази Баба од Скопје. Во тегнење јаже – мажи најдобра била екипата на Берово, а кај жените на Тетово. Во пикадо – мажи најдобра била екипата на Делчево, а кај жени на Кавадарци. Во стрелаштво најдобри биле стрелците од Тетово, а кај жените МВР – Скопје. Во поединечна конкуренција во фрлање ѓуле победил Димитрија Кузмановски од Тетово, а кај жените Љубица Кузмановска од Здружението на Куманово – домаќин на игрите. Во трчање најбрз бил Јован Дупкарски од Берово, а кај жените Љубица Кузмановска од Куманово. Со пригоден говор средбите свечено ги отворил **Вите Исјановски**, тогашен претседател на Сојузот на пензионерите на Македонија.

**Четвртите** РПСН се одржани во **Виница** на 18–ти септември **1999** година. Учествувале 550 пензионери и над 100 натпреварувачи кои се натпреварувале во 7 дисциплини. Во шах – мажи победила екипата на Битола, предводена од Борче Илиевски, а кај жените најдобра била екипата на Штип со Вера Огњанова. Во пикадо мажи победила екипата на Радовиш со најдобар поединец Маринко Тодоров, а во женска конкуренција најдобра била екипата на Кочани предводена од Борислава Димитрова. Во стрелаштво победила екипата на Тетово со најдобар поединец Јордан Пауновски, а кај жените благодарејќи на Ленче Митановска победила екипата на ОВР – Скопје. Во атлетски дисциплини во трчање победил Јован Дупкарски од Берово, а кај жените претставничката на Тетово. Во фрлање ѓуле победиле претставниците на Тетово и Делчево, а во новата дисциплина скок победил претставникот на ЗП Охрид Ѓорѓи Трпчески. Во тегнење јаже – мажи победила екипата на Кисела Вода – Скопје, а кај жени екипата на Тетово. Домаќин на игрите било ЗП Виница, меѓутоа за овие спортски натпревари не е објавен Информативен билтен.

На 2 септември **2000** година **Петтите** РПСН се одржани во **Крани -** на брегот на Преспанското Езеро, со учество на околу 800 пензионери од кои 221 натпреварувач во 7 дисциплини. Домаќин е ЗП Ресен, а на свеченото отворање зборувале **Вите Исјановски**, претседател на СЗПМ и **Бедредин Ибраими, заменик претседател на Владата на Република Македонија и министер за труд и социјална политика**. Севкупен победник и освојувач на преодниот пехар на СЗПМ е ЗП Куманово. Како посебен и траен документ за оваа значајна спортска пензионерска манифестација СЗПМ од 2000 година започнува да изготвува и објавува специјален Информативен билтен на 40 страници во боја. Со збор и слика, но и преку разни прегледи и графикони, се создаваат трајни траги за учесниците и организаторите на овие масовни спортски натпревари.

**Шестите РПСН** се одржани на 16–ти септември **2001** година кај Велешкото Езеро **„Младост**", а домаќин е ЗП Карпош од Скопје. Учествуваат 600 пензионери од кои 182 натпреварувачи во 7 дисциплини и тоа 105 мажи и 77 жени од 22 здруженија. Најдобра е екипата на ЗП Тетово. Од оваа година севкупниот победник добива преоден пехар!

**Седмите РПСН** се одржани на 14 септември **2002** година во комплексот Горица во **Охрид** со учество на околу 860


7-ти РПСН 2002 година

пензионери, од кои 235 натпреварувачи и тоа: 138 мажи и 97 жени. Натпреварите се одржуваат во 8 дисциплини, бидејќи како нова се воведува брзо одење. Севкупен победник повторно е ЗП Тетово кое го добива и преодниот пехар. На отворањето на игрите говорел и **Љупчо Мешков, директор на Фондот на ПИОМ.**

**Осмите РПСН** се одржани на 13 септември **2003** година во **Кавадарци**. Со пригоден говор средбата ја отвори новиот претседател на СЗПМ **Душко Шурбановски**. Бодрени од околу 1050 навивачи и гости, 276 натпреварувачи и тоа 155 во машка и 121 во женска конкуренција се натпреваруваат во 9 дисциплини, а како нова е воведено домино. Овој пат за севкупен победник е прогласен вториот регион кој го сочинуваат здруженијата: Карпош од Скопје, ОВР, Тетово и Гостивар. Пехарот за прв и единствен пат во дваесетгодишната историја на натпреварите е доделен на еден регион, иако најголем успех имаше ЗП Тетово. Сепак подоцна пехарот во трајна сопственост е доделен на ЗП Тетово.

На 11. септември **2004** година се одржаа **9-тите РПСН** крај Еуротел во **Струга**, а домаќини беа здруженијата од Центар од Скопје и Струга. На овие натпревари учествуваа 1070 учесници од кои 289 натпреварувачи и тоа 160 пензионери и 129 пензионерки. Севкупен победник е ЗП Тетово. На оваа масовна пензионерска манифестација присуствуваа и гости од Албанија, Бугарија, Црна Гора, Турција и Македонија. Присуството на гостите е искористено за одржување посебна средба на која се разговараше за соработка на пензионерите од Балканот при што се покрена и иницијатива за создавање Балканска асоцијација на пензионерите.

**Јубилејни 10-ти РПСН** се одржаа на 10–ти септември **2005** година кај Велешкото Езеро „**Младост**", а домаќин беше ЗП Велес. Присуствуваа над 900 пензионери, пред кои говореше **тогашниот претседател на Владата на РМ**



10-ти РПСН 2005 година

**Владо Бучковски** и **градоначалникот на Општина Велес Аце Коцевски**. Во девет дисциплини се натпреваруваа 299 натпреварувачи од кои 166 во машка и 133 во женска конкуренција од 33 здруженија, а севкупен победник беше ЗП Куманово.

На 9–ти септември **2006** година кај автокампот **Крани** на брегот од Преспанското Езеро се одржаа **11-тите РПСН** на кои за прв пат учествуваа над илјада учесници, поточно 1.114, од кои 351 натпреварувачи и тоа 192 пензионери и 159 пензионерки. Најдобри резултати остварија спортистите од ЗП Охрид. Со цел спортските натпревари да бидат сосема регуларни се изготвува и Правилник за истите од страна на Комисијата за спорт при Сојузот, кој во наредните години се надоградува.

На 15–ти септември **2007** година, **12-тите РПСН** по трет пат, се одржаа кај Велешкото Езеро „**Младост"** во присуство на 760 учесници од кои 364 натпреварувачи и тоа 172 мажи и 122 жени. На оваа масовна пензионерска спортска



12-ти РПСН 2007 година

манифестација присутните ги поздрави **претседателот на Владата, Никола Груевски**, а говореше и **градоначалникот на Општина Велес Аце Коцевски**. На натпреварите најдобри беа натпреварувачите од ЗП Тетово.

На спортскиот центар Шампион во **Радовиш** на 6–ти септември **2008** година, се одржаа **13-тите РПСН** со 800 учесници, од кои 192 во машка и 172 во женска конкуренција од 34 здруженија. Овој пат најдобри беа спортистите од ЗП Куманово.

На 26–ти септември **2009** година кај „Еуротел" **Струга** на брегот од Охридското Езеро**,** се одржаа **14-тите РПСН**, а домаќин беше ЗП Центар – Скопје, под покровителство на **Коце Трајановски, претседател на ЗЕЛС и градоначалник на градот Скопје**. На натпреварите присуствуваа околу 860 учесници од кои 376 натпреварувачи, 198 во машка и 178 во женска кокуренција. Натпреварите за првпат се одржаа во 11 дисциплини, со воведување на три нови: табла, двобој и тробој, а оправдано отпадна брзо одење. Севкупен победник повторно беше ЗП Куманово.

На 18–ти септември **2010** година се одржаа **15-тите јубилејни РПСН** на спортскиот центар „Шампион" во **Радовиш** со учество на 380 натпреварувачи од 35 здруженија од кои



15-ти РПСН 2010 година

200 во машка и 180 во женска конкуренција. Во присуство на околу 900 учесници оваа републичка спортска манифестација за отворена ја прогласи **министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски**. На свеченото отворање говореше и **градоначалникот на Радовиш д-р Роберт Велков.** Овој пат севкупен победник беше ЗП Тетово.

На 10–ти септември **2011** година се одржаа **16-тите РПСН** во **Струга** на комплексот Ливадиште. На истите присуствуваа 1100 пензионери, а учествуваа 384 пензионери спортисти и тоа 200 мажи и 184 жени. Главен говорник беше новиот **претседател на СЗПМ Драги Аргировски**, кој натпреварите ги прогласи за отворени, а на крајот го вра–

чи и преодниот пехар на ЗП Охрид и Дебрца кое севкупно имаше најдобри резултати.

На 11–ти септември **2012** година **17-тите РПСН** за првпат во својата историја се одржаа во **Скопје** во хотелскиот комплекс NEW STAR, а покровител беше **претседателот на Владата на Република Македонија Никола Груевски** кој имаше и пригодно обраќање. Поздравна реч имаше и **министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски, претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и градоначалникот на Општина Ѓорѓе Петров Сокол Митровски.** Во присуство на 1150 пензионери од кои 395 натпреварувачи од 38 здруженија најдобри резултати во 11 дисциплини имаше ЗП Охрид и Дебрца на кои им припадна и преодниот пехар. Домаќин беше ЗП Ѓорче Петров од Скопје.



17-ти РПСН 2012 година

**18-тите РПСН** се одржаа во **Штип** на 7–ми септември **2013** година во комплексот на „Македонка". Рекордниот број присутни ги поздрави и им посака добри резултати на натпреварувачите **министерот за труд и социјална политика Диме Спасов**. Поздравна реч имаа и **градоначалниците на општините Штип и Карбинци Илчо Захариев и Зоран Минов**. На оваа пензионерска спортска Олимпијада во Штип присуствуваа и се дружеја 1380 пензионери од цела Македонија, а во натпреварите учествуваа 396 натпреварувачи од 38 здруженија. Најдобри резултати постигнаа спортистите на ЗП Охрид и Дебрца и по трет пат еднопо-другo го освоија највисокото признание, преодниот пехар, што им остана во трајна сопственост.

**19-тите** по ред **РПСН** се одржаа на 6–ти септември **2014** година во комплексот „Тетекс" во **Тетово**. Покровител на натпреварите повторно беше **министерот за труд и социјална политика Диме Спасов** кој пред околу 1 000 присутни имаше пригодно излагање. Се натпреваруваа 400 најдобри спортисти од рекордни 46 здруженија и тоа 208 во машка и 192 во женска конкуренција. Натпреварите се одржаа во традиционалните 11 дисциплини. А најдобри резултати и овој пат имаа спортистите на ЗП Охрид и Дебрца кои го освоија преодниот пехар.



19-ти РПСН 2014 година

Оваа **2015** година **20-тите јубилејни спортски пензионерски натпревари** се одржаа на 4. септември во **Скопје** во комплексот на хотелот NEW STAR. Домаќин беше ЗП Бутел. Во 11 традиционални дисциплини се натпреваруваа 397 пензионери спортисти од 41 здружение. Најдобри резултати имаа спортистите на ЗП Охрид и Дебрца.

Пригодни излагања имаа министерот за труд и социјална политика **Диме Спасов**, претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, градоначалникот на Град Скопје **Коце Трајановски** и градоначалникот на општина Бутел **Петре Латиновски**.

Овој преглед јасно покажува дека кај пензионерите расте свеста за значењето на спортот за здраво и активно стареење.

**Драги Аргировски**















Признанија на ЗП учесници на првите РПСН во Охрид 1996 година

# Здруженија - севкупни победници по години

## СЗПМ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1996 | 1997 | 1998 | 1999 |
| 2000<br>ЗП КУМАНОВО | 2001<br>ЗП ТЕТОВО | 2002<br>ЗП ТЕТОВО | ТРАЈНА СОПСТВЕНОСТ<br>2003<br>ЗП ТЕТОВО |
| 2004<br>ЗП ТЕТОВО | 2005<br>ЗП КУМАНОВО | 2006<br>ЗП ОХРИД И ДЕБРЦА | 2007<br>ЗП ТЕТОВО |
| 2008<br>ЗП КУМАНОВО | 2009<br>ЗП КУМАНОВО | 2010<br>ЗП ТЕТОВО | 2011<br>ЗП ОХРИД И ДЕБРЦА |
| 2012<br>ЗП ОХРИД И ДЕБРЦА | ТРАЈНА СОПСТВЕНОСТ<br>2013<br>ЗП ОХРИД И ДЕБРЦА | 2014<br>ЗП ОХРИД И ДЕБРЦА | 2015<br>ЗП ОХРИД И ДЕБРЦА |

1996 2015

















**СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА**

Информативен билтен

# СЗПМ

Јубилејно издание

# XX РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

1996 20 2015

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

60 години
комерцијална банка ад скопје



## КОМПЛЕКС "NEW STAR" - СКОПЈЕ

**4. СЕПТЕМВРИ 2015**